СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 мај 1998 година

Скопје, мај 1998 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 90-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИСКУТАНТИ:

ДНЕВЕН РЕД: с.1
Продолжениие по
Претрес по текстот на Предлог
На закон за избор на пратеници
на Собр. На РМ (амандманс.распр.)

1. АБДИ ФАИК 16, 76 85
2. АРСОВСКИ БРАНКО – 39, 48, 68, 142
3. БАЈРАМ АМДИ – 52, 73, 76
4. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ – 79
5. ВИДИМШЕ КИРЕ – 17, 19, 60, 107, 117, 119, 120, 124, 133, 134
6. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 6, 14, 16, 22, 53, 46, 75
7. КОПТЛАР МАРЈАН – 37, 55
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН – 50, 123, 126
9. МУАРТИ ЏЕЛАДИН – 1 ... (води:сед.)
10. МЕШКОВ ЉУПЧО - 61
11. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 56
12. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 10
13. СИМЈАНОВСКИ НАУМ – 97, 98, 99
14 СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈ – 69, 73
15. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 63, 64, 74
16. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН – 53, 55
17. СПАСОВ ЃОРЃИ – 2, 3, 12, 25, 26, 27, 28, 35, 59, 80, 82, 83,84, 85 87, 88, 89,90,
(мин.за правда) 92, 96, 98, 103, 104, 105, 106, 109, 11, 112, 114, 115, 116,
118, 119, 121, 122, 123, 126, 127, 128, 129, 130, 132, 133, 134, 135, 136
137, 140,
18. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 47, 59, 90, 94, 102, 109, 124,130, 140,
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 27, 30, 36, 47, 49, 80, 82,
20. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР – 9, 94, 98, 101, 116, 118, 136, 138, 139, 141
21. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 52
22. ХАСИПИ КЕНАН – 2, 83
23. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ – 63 (води.седн)
24. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО – 19, 23
25. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ – 100
26. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 4, 99, 106, 113, 131

-продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 мај 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

За да почнеме со работа ни се потребни уште малку пратеници, па ве молам да ги повикате, затоа што денеска мора да бидеме присутни сите, бидејќи има расправа по амандманите. Чекавме доста време.

Продолжуваме со 9 0-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Слободан Богдановски, Туше Гошев, Маријан Начевски, Јане Ангеловски, Горѓи Атанасов, Персида Малинска, Јордан Божиновски и Рубинчо Белчев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Ќенан Хасипи и Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

I/2 сп/вц

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман се однесува на предлог за промена на насловот на законот и тој не се прифаќа затоа што предложува да не биде закон за избор на пратеници, туку закон за избор, престанување на мандатот на пратениците на Република Македонија. Значи не се прифаќа

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Консеквентно на предложениот амандман за измена на насловот е и амандман 1. Сметаме дека е поцелосен од причини што Уставот, согласно став 4 од членот 62 не признава категорија на отповик, меѓутоа, Уставот признава категорија на престанување на мандат и тој мандат не престанува секогаш по волја на пратеникот, туку и по сила на закон доколку пратеникот изврши кривично дело за кое се казнува повеќе од пет години, па дури и некои дејанија кои се недолични за вршење на функцијата пратеник. Оттука бидејќи и категоријата престанување на мандат е уставна категорија, сметаме дека доколку стои насловот Закон за избор и престанување на мандатот на пратеници тој наслов ќе биде поцелосен. Доколку Собранието не го прифати тој наслов го повлекувам и амандманот на член 1 кој произлегува од овој амандман.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на членот 1 се повлекува, поднесен од г-динот Ќенан Хасипи и Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски и од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман пратениците бараат да се намали можноста за отстапување на бројот на избирачите во изборните единици од минус 10 и плус 10 на минус 5% и плус 5%. Владата не го прифаќа овој амандман со следното образложение:

Сметаме дека отстапувањето од минус 10% до плус 10% не е толку големо и дека може да се издржи со оглед на тоа што меѓународната пракса покажува дека таквите отстапувања постојат и во други земји како што е на пр. Франција. Уставниот суд на Франција има донесено одлука дека таквото отстапување е сосема прифатливо.

Второ, исто така во многу други земји каде постои мнозинскиот принцип освен еднаквоста на гласовите се вградуваат и други принципи во изгледот на изборните единици, а тоа е нивната природна географска поврзаност, нивната историска целина на некој начин, нивната административно територијална и комуникациска поврзаност, заради тоа што истовремено ние мораме да водиме сметка како ќе изгледа една изборна единица суштествено да може да ја претставува претставникот и навистина нема да правиме механички збир на избирачи од 3 или 4

општини кои всушност ја отежнуваат комуникацијата потоа меѓу пратеникот и избирачите сметавме дека во овој закон треба да остане формулацијата дека отстапувањето од најмалата до најголемата изборна единица дека треба да биде од минус 10 до плус 10%.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали друг бара збор?

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитуван г-дине министре,

Пратеничката група на ЛДП се обиде во неколку варијанти да го измени овој став на член 3. Се обидовме токму од она што го зборувавме вчера, што го потврди министерот дека е можно да се најде некое средно решение, некоја резултанта за отвораше на политичките партии. Имено, се работи за еден амандман да се избришат зборовите во принцип, бидејќи во принцип сметаме дека може да значи многу големо отстапување по онаа работна верзија што верувам дека ќе се корегира што беше дадена за изборни единици, се јавуваше разлика од околу 6 илјади гласа. Ако се избришат тие во принцип тогаш нема да може ако е 18 илјади просечна единица ќе биде отстапувањето до 3.600 односно плус-минус 10%.

Втора варијанта дадовме плус-минус 5% а да остане во принцип, подготвени сме да најдеме и средно решение од 7% за да се најде едно решение во врска со овој амандман бидејќи сметам дека и покрај тоа што е дадена работната верзија на Законот отстапувањето е многу големо. Ние набројавме примери каде Битола односно во центарот на Битола се Логоварди и Поешево. Набројавме примери каде што населбата Пинтија

која е споена со населбата Драчево се префрла и оди во Зелениково и Студеничани, во други две општини. Набројавме примери дека Усје се прескокнува па оди во број 67 односно Кисела Вода 1, набројавме пример дека с. Горно Лисиче кое е природно врзано со дел од дивоградбите т.н. наречена населба Лисиче се раздвојува со овој принцип и се прави огромна диспропорција односно Кисела Вода 1 се прави околу 22 илјади, а Кисела Вода 4 брои 70 изборна единица по ново околу 18 илјади. На две соседни изборни единици се јавува голема диспропорција. Истото сметаме ова што кажа министерот за историски целини, меѓутоа, еве во најголемата скопска населба Аеродром нема историска целина и таа најголема скопска населба треба максимално можно да се воедначи и да нема пресекување на одредени делови каде што е можно. Ние сме свесни на фактот дека некаде некое мало отстапување може да има за едно избирачко место, меѓутоа за 4,5,6 како што ги набројав избирачките места 2733 шест избирачки места во 2738, тие се навистина неприродно додадени кон изборната единица 67.

За да се избегне таа можност јас би сакал ние да имаме доверба дека тоа нема да се случи односно да се корегира, меѓутоа, сепак верувајте како опозициона партија ние бараме одредена гаранција и подготвени сме на одредени средни решенија за да не бидеме толку крути во своите барања кои ќе значат корекција на ова отстапување на помал процент и кога би останало ова плус-минус 10% сметаме дека плус-минус 10% отстапување е доволно голем распон за да можат да отпаднат броевите во принцип.

Јас имам и други предлози, ако некој смета дека еднаш засекогаш треба да се дадат изборните единици за да не се менуваат на секои избори, меѓутоа, може да се стави и таква одредба каде доколку бројот

на избирачите во одредена изборна единица во текот на наредните години 5,10, сега не можеме да предвидиме, се измени, во тој случај да не се менува изборната единица, а во секој случај да стои плус-минус , доколку министерот од овие наши варијанти е подготвен, ние сме подготвени да понудиме и алтернативни амандмани.

Исто така, сакам да кажам за големите земји јас го прифаќам, но сепак е голема разлика меѓу Франција која има околу 65 милиони жители, а се избираат 450 пратеника за Долгиот дом значи една изборна единица ќе дојде 5-6-10 пати поголема во Република Македонија, така да во Франција тоа отстапување ако една изборна единица е 400 или 200 илјади избирачи во САД за конгрес изборна единица некаде околу 450 илјади гласачи така на 400 или 500 илјади гласачи тоа отстапување плус-минус 10 е поприфатливо отколку за помали изборни единици. Затоа би го замолил да се изјасни по овие варијанти, бидејќи сме подготвени да бараме и средно решение.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа од литературата што ми беше достапна и што ја прочитав подготвувајќи се за оваа точка од дневниот ред можев да забележам дека како една од главните негативности на мнозинскиот изборен модел се става токму фактот дека мнозинскиот изборен модел му овозможува на парламентарното мнозинство да ги крои изборните единици така како што сака односно со нивното кроење си направи најдобри предуслови за што подобро поминување на изборите и тоа е факт дека е така во сите држави и нема што посебно да му замераме на СДСМ.

Меѓутоа, би сакал да изнесам аргументи и факти кои одат во прилог на прифаќање на амандманот иако не сум убеден дека тоа Владата ќе го прифати,затоа што едноставно не и одговара, меѓутоа, повеќе заради јавноста отколку за прифаќање на дадениот амандман.

Сите што добро сте ги прочитале забелешките од експертизата на националниот демократски институт со седиште во Вашингтон можете да забележите дека една од важните забелешки на овој институт на Предлогот на законот за избор на пратеници токму се однесува на овој дел од законот односно за обезбедувањето на еднаквата тежина на гласот. Притоа, таму се наведени формулации дека меѓународните стандарди бараат еднаквост на гласот и посебно се потенцира фактот дека во членот 21 став 3 од универзалната декларација за човекови права се бара од земјите потписнички на оваа декларација да обезбедат еднаква тежина на гласот, односно да го обезбедат правото на еднаков глас. Преведено поинаку што значи тоа? Тоа значи дека доколку еден пратеник биде избран од изборна единица со 22 илјади гласачи, а некој биде избран во изборна единица со 18 илјади гласачи тежината на гласот на избирачите не е иста во едната изборна единица во споредба со другата изборна единица.

Од тие причини мислам дека е прифатливо решението да се прифати амандманот отстапувањето да биде од минус 5 до плус 5% со тоа што би се дала можност за одредени исклучоци од тие проценти , се разбира, во оние градови, во оние населени места каде едноставно не е можно да се испочитува ова законско решение. Затоа што можноста отстапувањето да бидеод минус 10% до плус 10% и со вградувањето на одредбата тоа да биде во принцип што значи дека може да има и поголеми отстапувања ја остава отворена можноста да се разликуваат бројот на гласачите во одредени изборни единици и за 4 илјади гласачи можеби и повеќе.

Посебно, ако на тоа се додаде, примерот што можевме да го видиме од предложениот закон за изборните единици во Република Македонија можат да се видат многу нелогичности, штимања и кроења на изборните единици, се разбира, така како што му одговара на СДСМ и на владиното мнозинство. Тоа посебно е видливо ако се прави анализа каде е доминантен на последните избори СДС, а каде е доминантна опозицијата посебно во скопските општини Карпош, Центар или Гази Баба па и Кисела Вода, евидентен е фактот дека во општините како што се на пример Карпош и Центар каде што СДС направил подобри резултати на последните избори изборните единици да се мали со 16,17,18 илјади гласачи за разлика од изборните единици во општините каде што победила опозицијата каде најмалите изборни единици се со 18 илјади гласови, а најголемите достигнуваат дури до 22 односно 21 илјада гласачи што значи дека е нерамноправен пристапот односно нема јасни критериуми и кроени се изборните единици за да создадат подобри претпоставки за подобар резултат на тие што ги кроеле во пресрет на изборите .

Исто така, се можни многу неправилности во смисла на географската односно територијалната поврзаност на населените места во една изборна единица каков што е примерот со населеното место Подареш односно општина Подареш која е ставена да биде во изборна единица заедно со Берово и Пехчево, територијално таа се граничи, тоа е факт, со тие општини, меѓутоа, никаква комуникативна поврзаност нема на Подареш со Берово и Пехчево. Пратеникот што ќе биде избран доколку биде со место на живеење во Берово за да стаса во Подареш треба да мине преку Струмица и да дојде до Подареш да ги посети своите избирачи, а Подареш е се разбира, многу поблиску до општините Василево и соседните кои се во општина Струмица и пологично е да биде во тие изборни единици.

Меѓутоа, Подареш е со намера ставен во Берово и Пехчево затоа што е таму доминантен СДСМ, а во Подареш ВМРО-ДПМНЕ што значи гласачите опозициони од Подареш доколку бидат ставени во општините Берово и Делчево ќе се претопат и ќе бидат незначителни во споредба со огромниот број на гласови на СДСМ во Берово и Пехчево.

Од тие причини сметам дека ќе биде многу коректно и ќе влијае на фер и демократски избори доколку Владата го прифати амандманот отстапувањето да биде од минус 5% до плус 5% со тоа што би останала одредбата по правило или во принцип да може да се отстапува од овие бројки доколку тоа навистина територијалната распределеност на Македонија го бара.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, како подносител на амандманот исто така сакам да додадам на сите овие објаснувања дека експертизата на Советот на Европа во таканаречената Венецијанска комисија токму на овој план дава сугестии опсегот кој првично бил предложен во мартовскиот предлог од минус 15 односно плус 15, а сега од минус 10 до плус 10% се намали од аспект на она што претходно беше изнесено дека тие разлики на гласачи можат да бидат до плус минус 4000.

Од друга страна во таа експертиза водејќи сметка на база на популацијата на административните граници и во градските лимити кои се овозможуваат или оневозможуваат поефикасно гласање токму овој процент да се намали. Исто така, сметам дека процентот од минус 5 до 5% би бил навистина реално решение и затоа ве повикувам да го подржите амандманот.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Во нацрт верзијата имавме, од страна на Владата, предлог за плус минус 15% отстапување од просечната изборна единица математички е утврдено,сега имаме 10% и имаме амандман за 5%, кој лично мислам дека многу ќе го отежни изборниот процес и ќе го отежни процесот на создавањето на изборните единици од страна на овој парламент во законот од следниве причини.

Прво, досегашната пракса покажува дека изборните единици во Македонија имаат варијабилитет плус - минус 100%.

Г-дине Видимче, нема потреба да се смеете, затоа што мојата изборна единица е за 100% поголема од четири изборни единици на пратеници во овој парламент. Значи, јас сум пратеник од постојната изборна единица со 18 илјади гласачи. 18 илјади е повеќе од 100% од четири изборни единици кои имаат под 9 илјади гласачи, што значи дека решението сега е многу радикално во однос на постојниот модел и се разбира дека 10 проценти е некаков компромисен предлог.

Второ, го поддржувам принципот на неделивост на општините по смисла дека или неколку цели општини ќе даваат еден пратеник или големите општини ќе се делат на пратеници, меѓутоа, нема да има една општина поделена меѓу двајца пратеници, доколку не е доволно голема.

Она што најмногу загрижува со процентот од плус минус 5 кој се предлага од неколку пратеници е еден модел кој ќе го доведе Собранието во позиција пред секои избори да крои нови изборни единици. Сегашната просечна изборна единица е 18 илјади гласачи и ако одиме со принципот плус минус 5% тоа значи дека плус или^минус 900 гласачи ќе го тераат законодавниот дом во секој момент, особено ако не стои з борот "во принцип". Тоа значи доколку од сега на наредните избори една

II/2.-

изборна единица се промени за 901 гласач, парламентот ќе мора повторно да носи закон со кој ќе ги прекројува изборните единици, затоа што процентот од 5 е многу и особено ригиден. Ние знаеме дека има општини што растат поради тоа што се во делови на Македонија кои привлекуваат миграции и каде што наталитетот е повисок, има општини кои апсолутно се намалуваат по бројот на населението заради намалување на природниот прираст и заради тоа што се имиграциони подрачја во Република Македонија, што значи дека државата ќе мора пред секој изборен процес на секои четири години да ги прекројува изборните единици, затоа што 900 е бројка која во една третина од изборните единици ќе варира. Бројот од 10% кој во принцип е 1800 гласачи мислам дека ќе овозможи барем за една декада стабилност на изборните единици во Република Македонија.

Овие примери кои пратениците Шапуриќ и Коцевски ги користеа тука сметам дека прво треба принципиелно да се договориме за една работа. Парламентот сеуште не го има добиено Законот за изборни единици и од Владата. Колку што знаеме од средствата за јавно информирање ниту Владата го има на своја седница утврдено во прва фаза, што значи дека користење на работни документи на Министерството во функција на промоција на амандмани овде како принцип мислам дека треба да го напуштиме. За законот ќе зборуваме единствено кога ќе дојде во парламентарна процедура. Примерите кои се даваат врз основа на работна верзија мислам дека не одвлекуваат од расправата. Тоа ќе биде закон за расправа кога Владата ќе го пушти од својата седница.

Исто така, мислам дека критиката заснована на нелогичности втемелени врз основа на неофицијален документ од Владата ќе се зголемуваат пропорционално со намалување на процентот на отстапување. Колку поголем процент толку помали нелогичности или изразено во апсолутно видување,ако процентот од 10% има 5% го намалиме,

тогаш нелогичноста во опфатот на изборната единица просечно ќе се зголеми, затоа што ќе варира само за 900 гласачи. Тоа е од прилика едно изборно место и можете да претпоставите какви поделби ќе мора да прави тој што го изготвува законот за да го удоволи тоа барање. Или ако го намалуваме до нула, тогаш ќе имаме позиција во која практично ќе биде невозможно да се изведе креирањето на изборните единици. За да не бидеме доведени во таква ситуација мислам дека компромисот кој го направи министерот за правда меѓу двете расправи од 15% до 10% сосема е прифатлив и овозможува на предлагачот на законите нужно поле за работа на Законот за изборни единици, како би можело пред Собранието да излезе со консеквентен предлог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор министерот за правда Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

бидејќи г-динот Аце Коцевски цитираше дека консултирал релевантна литература за оваа област, јас исто така консултирав релевантна литература и освен што сакам одново да потсетам на Одлуката на Уставниот суд на Франција од 1986 година, во која се вели дека отстапувањето од една до друга изборна единица во од нос на бројот на избирачите од 20% не се смета за нарушување на принципот на еднаквост на гласовите, сакам да ве потсетам уште на неколку работи.

Судот на САД исто така, има кажано дека независно од важноста на принципот за еднаквоста на гласовите, се работи за релативна еднаквост на бројот на гласовите по претставник и тоа треба да биде земено како принцип при утврдувањето на изборните единици. А Врховниот суд на Канада, бидејќи таму исто така има изборни единици, потенцира дека целта на правото на гласање не е еднаквоста на

II/4.-

гласачката моќ, туку повеќе правото на претставување, од кои меѓу другото треба да се води сметка за географијата, историјата на земјата, интересот на земјата и малцинското претставување. Всушност, секаде се почитуваат сосема други принципи и имаат наредено исто така дека тие и таквите принципи мора да бидат достапноста на средствата за комуникации, географските карактеристики на областа, бројот на жителите итн. Според тоа, тоа е нешто што е принцип скоро во сите земји каде сеуште се избираат одреден број кандидати по мнозинскиот принцип.

Бидејќи беше цитирана експертизата од Советот на Европа, дозволете ми да ви прочитам што точно пишува во експертизата од Советот на Европа, пишува вака:

"Предлогот од март одредува дека границите на изборните единици каде се избира еден член се утврдуваат врз основа на минус 15 до плус 15 во однос на националниот просек. Предложеното варирање не е значително. Меѓутоа, дознаваме дека нови одредби во врска со овој елемент се воведени во предложениот предлог, што би го намалиле варирањето на минус 10 до плус 10%. Ова пониско варирање е подобро од идеолошка гледна точка, а ќе биде потешко да се добие, земајќи ги предвид трите параметри на популацијата: географски граници и административни граници".

Според тоа, верувајте ми дека и за ова што ќе го решиме, во краен случај, имаме поддршка и во меѓународните експертизи и во искуството на земјите кои донесуваат ваков вид на изборни закони, со тоа што сакам да нагласам дека зборот "во принцип"е оставен само за да си оставиме простор, доколку дојде до демографски и други промени во изборните единици, да не мораме да го менуваме законот за изборните единици и да немаме приговор дека ги спроведуваме изборите наспроти законските одредби кои се донесени. јас како министер за правда ве уверувам дека првата верзија што ќе ја добие овој парламент, во која ќе бидат исцрпени

II/5.-

изборните единици, а за кои исто така ќе оствариме интензивна соработка и веќе имаме соработка со претставниците на сите политички партии, дека во неа ниту една изборна единица, нема повеќе од пет изборни единици да отстапуваат од зацртаниот принцип минус 10 до плус 10% и тоа можеме да го разговараме на денот кога во овој парламент ќе влезе законот за изборните единици. Треба да почнуваме да имаме доверба во тој принцип и да си овозможиме да имаме закони кои навистина ќе ни овозможат лесно и ефективно спроведување на изборите и ефективно претставување на популацијата во овој парламент.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Коцевски, реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Прво би сакал да кажам дека законот што ние го користиме овде како аргумент е закон кој беше објавен во дневните гласила. Колку што се сеќавам, беше објавен и во Нова Македонија и во Вечер, без разлика дали е работна верзија или не, тоа закон кој излезе во јавноста и закон кој покажува некоја тенденција од страна на Владата. Мене ќе ми биде драго доколку Владата измени дел од одредбите кои се таму и ги прифати забелешките од опозицијата. Меѓутоа, факт е дека во јавноста беше објавено такво решение и нема никакви замерки што ние го користиме. Не се работи за тоа дека ние по некои тајни канали сме го добиле од луѓето кои се вработени во Министерството за правда.

Исто така, не ми е јасно зошто министерот за правда повеќе милува да се споредува со огромните држави во споредба со Македонија, како што се Франција и САД, токму за оваа работа, а Владата избегнува за многу други работи да се споредува со тие држави.

Само би сакал како аргумент да цитирам, повеќе заради јавноста, дел од извештајот од експертизата на Националниот демократски институт, каде многу педантно и точно се формулирани одредбите и токму споредбите со големите држави на кои се повикува министерот за правда. Значи, го цитирам извештајот односно експертизата институтот во делот што се однесува токму на овој член од Законот.

"Еднаквост на гласовите во мнозинските области меѓународните стандарди бараат еднаквост на гласот. Член 21 став 3, од Универзалната декларација за човекови права на пример бара еднаков глас. Ова значи дека релативната вредност на гласот на една личност во единица со еден член треба да биде еднаква и на вредноста на луѓето од другите единици. Иако демократската пракса е различна во примената на овој принцип, можноста што се содржи во член 2 од Предлог законот дозволува форма од минус 15 до плус 15% од просечниот број гласачи во единиците не ги следи најдобрите практики" Значи, отстапува од праксата во светот. "Релативно големите варијации меѓу единиците можат да се прифатат во големите земји и со големи географски региони или бројно население. Во Македонија која е релативно мала и по бројот на население и по територија и каде што има 85 единици треба да биде можно да се поставаат помали толеранции меѓу населението во изборните единици. Вредноста на гласот на еден човек, што е плус 15% од просекот би била скоро една третина помала" - добро, овде се зборува з а 15% заради првата верзија на законот - " од вредноста на еден човек во единица што е 15% помала. Ако разводнетата вредност на пример плус 15% се примени во областите со население од малцинствата, варијацијата исто така би го нарушила стандардот на индискриминација". Не би читал понатаму.

II/7.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (од место)

Прочитајте го до крај, последната реченица.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

"Затоа, се советува да се земе предвид намалување на дозволените варијанти од просечната популација на сите изборни единици". Ама тоа не е доволно направено, во тоа е проблемот и ако остане зборот "во принцип", тоа значи дека може да има разлики 4 илјади избирачи од една изборна единица во друга. Ве молам, тоа се факти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, без ни малку да појдам од некоја партиска определба, затоа што незнам СДСМ каде имало повеќе и либералите помалку или обратно, читајќи го Предлогот на законот а и читајќи во Нова Македонија или Вечер, незнам каде беше ми падна во очи тоа како се смета, дали е работна верзија или што ќе биде, ќе видиме. Сигурно имаме начини како да седнеме на мегдан да разговараме, дали токму така ќе биде или нешто е изменето. Меѓутоа, варијантата плус или минус 10%, ако математички ја гледаме и ако појдеме од предлогот како работна верзија ако може вака да помине јас гледам една состојба вака.

Да речеме, од мојата изборна единица едно време, таа беше заедно, Шуто Оризари и околу 16 села, цела Скопска Црна Гора, Горно Оризари, Бразда, Глуво, Чучер, Бањани, Горњани, Мирковци, Кучевиште, Побожје, Љубанци, Љуботен, Тануштевци, Малино, Брест, Долно Блаце и Горно Блаце. Колку илјади, да не кажувам, бирачи. Некаде во период 1990 - 1994 година населба Шуро Оризари, населба Радишани без село Радишани, колку илјади не сакам да зборувам. Сега со предлогот

II/8.-

Општината Шуро Оризари и општината Сандево тоа се околу 19 илјади, 20 илјади. Бројките се неумоливи, така велат економистите. Ако тие 20 илјади ги помножиме со 100 и ги поделиме со 15 илјади, една општина во Скопје, ќе излезе индекс од 125. Тоа е 25% отстапување. Ни на сон не може да се сонува дека може да биде така. Не може тоа. Затоа и јас имам предложено амандман плус минус 5%. Јас мислам дека тоа мора да се исправи, не може така да биде. Јас сум за тоа отстапувањето да биде плус минус 5%. Јас така мислам, не можам поинаку да мислам, за што не можеме да ги земеме становите и куќите - кои сте вие, од ПЦЕР, ќе ги преселивме ваму, а кои сте вие - од СДСМ, ќе ги направиме онаму. Или земјата ќе ја натовариме, ќе ја однесеме не знам каде. Нема, правниците го знаат старото Римско право и тие уште поубаво ќе го кажат тоа. А можат да ги земат луѓето со автобуси не знам од кое село, да ги донесат во Шуто Оризари и таму да гласаат за мене. Тоа се прави понекогаШ. Очигледно, имаше на едни избори, но тоа помина. Тоа е одамна минато. Јас не верувам дека сега ќе се случи тоа. Фер и демократски избори ќе има, па заради тоа го поддржувам овој амандман, заради тоа што и јас имам таков амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници, во врска со амандманот со кој ние како група пратеници бараме бројот на изборната единица да варира од плус до минус 5 проценти, од оваа говорница беа кажани многу интересни видувања и размислувања и очигледно ме забележија дека се потсмевам на нивните размислувања, бидејќи самиот колега пратени кој го негираше нашето барање за редуцирање на варијацијата спомнал дека постоеле огромни варијации односно дека постоеле изборни единици со 100% разлика од пратеници и дека тоа не е добро. Токму во таа смисла и ние бараме да нема големи толеранции и

варијациите да бидат многу помали, а тоа ќе значи еднаквоста на гласот на ниво на Македонија, да биде иста. Делот од плус и минус 10 пратеници во принцип значи дека од минималниот број 15 илјади до максималниот над 20 илјади, преку 4,5 илјади до 5 илјади гласачи се јавува разлика по изборно место, а тоа значи дека минималното изборно место за 30% може да се зголеми. Ако ги гледаме истите бројки и математики од друга страна, добиваме сосема други бројки, однос дека минималното изборно место може да варира до 30%. Во делот тоа што популацијата се менува и динамично се развива во различни делови на Македонија, што исто така беше спомнато од наши колеги пратеници, пред се морам да кажам дека Република Македонија е должна води популациона политика и да овозможи можност под еднакво да се развиваат демократски сите краишта на Македонија. Тоа што во овој момент одредени краишта на Македонија се во дегресија не е по вина на тие краишта, туку по вина на Република Македонија, а тоа што други краишта се во страшна прогресија, пак е по вина на Република Македонија односно на владината коалиција.

Што се однесува до демократијата, стои сосема отворена можноста во дел од законот да се зацрта дека изборните единици нема да се корегираат да речеме пет години или 10 години и дури потоа пак да се корегираат.

III/1 НН/ПН

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:** (Продолжение)

Затоа, плус-минус 10% е доста комотно. Од оваа говорница беа цитирани одлуки на Уставниот суд на Франција, а забораваме дека некои одлуки на Уставниот суд на РМ сеуште во Македонија не се почитуваат. Така да навредливо звучи кога се цитираат одлуки на странски судови, а одлуките на Уставниот суд на нашата Република не се почитуваат дури и од Владата. Затоа јас наискрено ја разбирам желбата и тежината која во себе ја носи СДС, дека и овие 10% плус-минус им се малку да успеат да ги искројат изборните единици онака како што мислат најповолно да ги прекројат за да можат нешто да извлечат од овие избори. Јас тоа го сфаќам, тие имаат голем< мака. Жалосно е што овие плус-минус 10% е за целиот овој закон разговараме немајќи го пред себе законот за изборните единици, имајќи ги само кажувањата по јавните гласила преку втора или трета рака и никаде непотврдени. Сега наеднаш разговарам тоа е потребно заради географијата, заради историјата, заради незнам што се.

Јас, би сакал некој да ми објасни како е успеано во Битола две изборни:о единици да се пресечуваат меѓу себе и од двете изборни единици на двата краја да заменуваат други делови на изборни единици. Ако е тоа заради географијата, сигурно не е, ако е тоа заради историјата, сигурно не е, ако е тоа заради потребите на СДС сигурно е, но, и овие 10% ги сфаќам како апсолутна нивна потреба бидејќи навистина со 5% плус-минус страшно им се скратуваат можностите да можат добро да ја сработат, условно речено изборната кујна.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, се јавувам повеќе од аспект на деловничко прашање затоа што беше

спомената изборната единица од која произлегувам изборната единица 61 на која и припаѓа и возобновата општина Подареш.

Јас би сакал да кажам доколку на некој му смета плус 10% или минус 10%, а сум животно заинтересиран затоа што граѓаните во овој момент како пратеници најмалку треба да ги делиме на оваа партија, онаа партија и најмалку тоа што го рече министерот, г-динот Спасов да поаѓаме при делбата на изборните единици дали ќе бидат за оваа или онаа партија. Мислам дека граѓаните што гласале за нас или биле против нас, треба да знаеме дека тоа е променлива категорија. Довербата е крајно сложена и има карактер на променлива категорија. што значи променлива категорија.

Ако ние како пратеници, односно како партија имаме добра програма која се реализира во праксата, зошто сега да ги делиме граѓаните, изборните единици дека предвреме тие се оптоварени или симпатизери или припаѓаат на оваа партија. Јас со тоа прашање не би сакал да се занимавам затоа што сум пратеник од изборната единица 61 и припаѓам на СДС. Од каде сега такви етикети да делиме ан граѓаните дека биле од оваа, онаа партија, позиција или опозиција.

Јас на колегата Аце Коцевски, ниту го фалам, ниту го напаѓам, но го респектирам со неговите аргументи, во овој момент ако Подареш сметаме дека е некаде од партиски интереси, ако од партиски определби е намера на СДСМ дека Подареш се става во друга соседна општина која била СДСМ е или Василево, Радовиш, јас доколку може тоа да биде прифатено од вас, јас сум да се врати во поранешната изборна единица 60. Наместо да биде 21.000, да бидеме 24.000. Зошто да не бидеме? Затоа што е компактна, економски се поврзуваме, зошто да ни смета, еве се согласуваме, доколку е тоа наше лично или партиско прашање, зошто да биде во Василево, да биде во Берово, нека биде 24.000, место

што имавме 2 пратеника до општина Радовиш, сега имаме 1 и остануваме со еден, или да имаме 1, што ќе биде за 1 пилот, 1 експеримент општина со најмногу граѓани. Јас лично би сакал да биде затоа што се тоа традиционални односи врски и тн.

Понатаму, јас би сакал да ги издвоиме критериумите од економски, комуникациски врски и тн. Мора да биде не само компактни како граѓани присутен. Тоа е една компактна целина. Ние велиме немаме сообраќајници. Кој ни дава за право ако 50 години слободно живеевме, ја градиме оваа Македонија, некои повеќе, некој помалку, до вчера заедно ја градевме, сите пратеници овде исто мислевме и во тој Подареш сите заедно одевме, а сега преку ноќ викаме вака така, да има сообраќајница а да не биде асфалтирана. Тоа е околу 20, 25 км. На сите во програмите ни беше тоа. Затоа не би сакал таква етикета да се дава на било која месна заедница на изборната единица 61 - Радовиш, Конче и Подареш што произлегува. Подареш заслужува адекватен третман, заслужува да припадне во таква изборна единица што ќе му понуди подобар економски развој во обвновената општина Подареш. Било која политичка демагогија, од било која партија и од поединци, и од партијата на која припаѓам неприфатливи се. Затоа, доколку има можност нека биде Пилот изборна единица Радовиш, иако имам забелешка како пратеник од Радовиш од две изборни единици направивме една од 2 пратеника 1, да биде со 24.000 избирачи, а граѓаните на Радовиш и одговорните субјекти кои ќе и дадат доверба, граѓаните не се плашат од една сообраќајница од 20 км што може да се асфалтира Берово - Подареш, Подареш - Струмица, и тн. Затоа мислам дека не треба многу да бидеме загрижени за изборни единици што незнаеме ни колку жители, што проблеми имаат и тн.

Јас не би си дозволил тој луксуз да зборувам за Тетово, Охрид, Македонски брод, иако треба да зборуваме, но, со проблемите во изборната единица 61, можеби не во таа мера, но сигурно повеќе од многу други што мислат дека ќе даде, живеат со проблемите и со Радовиш и со Конче и со Радовиш. Ако на некој му смета Подареш, што мислам според критериумите е сврстан. Нека се вгради во Радовиш и нека биде општина со 24.000 избирачи.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Не знам каков е видокругот на г-динот Чифлиганец меѓутоа јас не се помирувам со тоа моите погледи да завршуваат само на Велс односно на мојата изборна единица. Мене живо ме интересира како географски и изборно ќе биде прекроена Македонија и мислам дека е тоа право на секој пратеник и на секој граѓанин да се интересира како ќе бидат направени изборните единици на територијата на целата држава, затоа што јас во ниеден момент не зборувам за проблемите со кои се судираат граѓаните на општина Подареш. Зборував само за начинот на кои нечесно се вкалкулирани во некои партиски комбинации, калкулации, а тоа го прави некој друг. Тоа не го прави опозицијата. Вас исто така ви е јасно кој го правеше законот за изборните единици и кои му биле намерите. Значи, етикетите дали Подареш односно некое друго населено место е опозиционо место, или провладино настроено, се изведени од некоја друга кујна, а не од кујната на опозицијата, веројатно земајќи ги во предвид податоците од резултатите на последните локални избори на изборите за пратеници во 1994 година, развиеноста на партиската инфраструктура и слични други аргументи и критериуми. Мислам дека е тоа вистината, не некој други фикс идеи.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас реков во најголем дел се аргументирани, но конкретно грешите. Приликите за секоја општина сигурно подобро ги знаат пратениците дотично избрани отколку оддалечени 150-200 км. Затоа и сега изјавувам вашите искажувања што беа по основ на поддршка е да припадне да ја избегнеме дилемата дека СДСМ си прави сопствени изборни единици како би можел да ги добие изборите, или дотичното министерство, министерот г-динот за правда Спасов, јас сега се залагам, а сум должен и да кажам пред овој Парламент, Подареш нека остане во Радовиш, каде што било 50 години, ако тоа смета. Каде да припадне Подареш мора некаде да припадне. Ако припадне во Василево, ќе кажеме од овие побуди, во Радовиш од овие, сега од овие, а ние треба да живееме со проблемите на тие изборни единици. Ако може да се дојде дотична општина Берово по пат, по комуникација од 20 км. да чекаме 10-20 години. Тоа треба да ни биде нашата главна преокупација како пратеници и на мене лично како Ванчо Чифлиганец што сум ја добил довербата од тие граѓани од изборната единица 61 од Конче, Радовиш и Подреш.

И на мене, господо пратеници, почитувани ми паѓа тешко и на Радовиш паѓа илјада забелешки што вие правите од два пратеник Радовиш има 1. ако ние сега сме се определиле за еден таков изборен закон ние треба да бидеме и коректни, да се трудиме за тоа а не да се грижиме дека некоја месна заедница односно возбоновена општина Подареш. Подареш не смета да биде во Радовиш.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние вчера расправавме односно водевме општа расправа по предлогот на законот за избор на пратеници. Ако некој не успеал да ги

изнесе вчера своите погледи, мислења, ставови по однос на предлогот, денеска расправаме конкретно за предлог на амандмани. Ќе ве молам секој пратеник да ги елаборира, да ги димензионира своите аргументи во однос на прифаќање или одбивање на амандмани.

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака. (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски и од пратеникот Томислав Стојановски.

Реагирање од пратениците во салата дека нема кворум за работа.

(службите ги пребројуваат присутните во салата)

Бидејќи нема доволен број пратеници гласањето не е валидно.

Го повторуваме гласањето.

Кој е за молам да крене рака. (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на членот 2 за менување на став 3, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ѓ

**ОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предлага да се избирше зборот "во принцип". Владата на РМ продолжува да покажува волја за соработка со ЛДП и во основа ќе го прифати овој амандман само под услов истовремено со него да биде прифатен амандманот кој што сега ни е доставен од ЛДП а кој истовремено гласи "доколку дојде до промена во бројот на избирачите односно до зголемување или смалување на бројот на избирачите односно до зголемување или смалување на бројот на избирачите во одделна изборна единица од денот на донесувањето на законот за изборните единици таквата изборна единица останува иста до донесувањето на нов закон за изборните единици".

Тоа значи дека отстапувањата нема да бидат од минус 10 до плус 10% во ниту една изборна единица по ова донесување на законот меѓутоа, секоја промена на намалувањето или зголемувањето на избирачите заради демографски или други промени нема да се смета за нарушување на основниот прифатен принцип.

Значи, Владата го прифаќа овој амандман, заедно со другиот амандман кој што е сега доставен.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на законот. Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Исмет Рамадани, Сејфедин Харуни, Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и *амандманот го ставам на гласање.*

Кој е за молам да крене рака. (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Илија Каров, Љупчо Мешков и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот.

III/9

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се појаснува деловната способност. Се додаваат зборовите "без оглед на местото на живеење",не се прифаќа бидејќи е сосема јасно и без тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? <

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани колеги, почитуван министер. Овој амандман јас ќе го елаборирам повеќе во текот на расправата каде што го објаснувам начинот на гласање и во дијаспората, а немам коментар затоа што битно не влијае во овој член.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (продолжение)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој матнам се однесува на една од вчера најдебатираните теми на тоа дали нашиот Парламент треба да биде професионален.

Владата не го прифаќа со образложение дека навистина немаме никакво право, ниту потреба секој избран пратеник со сила го принудуваме да биде професионален пратеник. Му создаваме можност наместо да добива плата од Буџетот, да добива од работното место, од организацијата каде што тој работи, како што беше и досега. Слушнав, останува досегашниот принцип со образложение дека на тој начин им даваме можност на голем број пратеници, истакнати граѓани кои сопствениот углед го доживеале на работното место и професијата во која тие делуваат да се кандидираат за пратеник, а истовремено да останат на тоа место и на таа професија.

Во основа се согласуваме, во принцип можеби во некое време Македонија траба да има професионален Парламент. Меѓутоа, засега сметаме дека сепак треба да остане решението што и досега постоеше во досегашниот Закон за изборите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри,

IV/2.-

Јас ќе го бранам овој амандман за функцијата пратеник да се врши професионално, бидејќи сметам и тоа многу пати беше речено дека оваа функција е најпрестижната функција во државата. Ќе бидам телеграфски краток со моето образложение.

Не се согласувам со г-динот министер дека од економски причини тоа повеќе ќе ја чини државата, бидејќи направив некои свои сметки што можам да ги приложам, а покажуваат сосема спротивно. Се залагам за професионален пратеник заради тоа што тој пратеник професионално ќе биде многу попродуктивен. И вчера образложив дека во овој дом треба да се донесат огромен број закони.

Второ, пратеникот поквалитетно ќе ја обавува својата функција, бидејќи единственото време "што треба да го користи, а како професионалец мора, ќе биде тука присутен и ќе може да користи се што е на располагање од литература и цела документација и Стручните служби што ја вршат целата работа и со нив да носи квалитетни закони.

Трето, самиот пратеник ќе ужива поголем авторитет меѓу населението и својот однос кон Владата сосема ќе го измени и ќе биде многу повеќе ценет отколку што беше досега, мислам од страна на Владата.

Четврто, ќе кажам дека од аспект на трошоците дека за 23% направив пресметка дека ќе ја чини државата помалку отколку што се извршува функцијата непрофесионално. Тоа значи дека тие професионални пратеници ќе имаат своја плата. Државата ќе биде во состојба да обезбеди пратениците да живеат тука и да не се плаќаат никакви додатни трошоци, што се огромни, во врска со патувањата секој ден на комисии, на одложени седници и тн.

Мислам дека пратениците треба да го поддржат овој амандман и затоа ги молам да гласаа "за".

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавив за збор, да нема заблуда, бидејќи исти ваков амандман имам вградено во следниот член, во членот 6 со нов став, така да бидеме рационални да дискутираме бидејќи се работи за една иста проблематика.

Оваа интервенција е можеби најсуштинската во целиот овој закон. И вчера дискутирав во општиот претрес за потребата од професионализација на оваа функција со додатни објаснувања дека во најголем број држави, со мали исклучоци, можеби на соседна Југославија и не знам кој други оваа функција се обавува професионално.

Уште нешто што е многу битно функцијата пратеник ја следи и еден друг закон што најчесто во сите држави се насловува како закон за настоивост на обавување на јавна функција со профитна дејност. Кога велам дека овој Закон е можеби во основата на изборниот закон и на толку очекуваните промени во државата, ќе ги изнесам следните аргументи.

Честопати, сите пратеници тука и од владеачката структура најискрено и најотворено коментираат дека законодавната власт е во подредена положба во однос на извршната власт. И ќе биде со еден ваков однос, со едно вакво ангажирање и со еден ваков состав.

Втора работа што некои колеги вчера се обидоа да ја минимизираат со образложение дека во многу парламенти нема обврска

да се присуствува на седница, точно е тоа, но ова минимизираше и девалвирање мислам дека не држи од следни причини, сепак не сме ние држава со двогодишна традиција, веќе сме со осумгодишна, знаеме за овие 8 години со што се се судираме. Не сме на почетокот на 1992 година . Нам ни претстои огромна работа и огромни задачи. Не само во смисла на донесување на закони. И, не може да се споредуваме со држави каде законите се донесени, трајни и само на дневен ред најчесто се поставуваат теми од актуелниот живот.

Пред извесно време на седница на Италијанскиот Парламент се дискутираше за објективноста на судењето на еден фудбалски натрпевар. Кога ќе доживееме такво задоволство да се бавиме со виталните

интереси на граѓаните. Кога ќе доживееме такво нешто? Тоа е она што народот го интересира.

Нам ни претстои огромна задача. Многу закони оставивме. Треба да се донесуваат. Дали ќе можеме со еден ваков непрофесионален однос тоа да го направиме?

Кога граѓаниве не бираат, дами и господо, нас не бираат за пратеници. Не не бираат ниту за директори, за менаџери, за професори, за некои други функции. Нас не бираат за функцијата пратеник што подразбира ангажирање во овој Дом. Ако е така тогаш пред кого ние сега изнесуваме овде некоја демагогија пред тие што бираат или за своите позиции, акумулирани преку присуството во овој Парламент и инкорпорирани во сето она што завршува и со октоподот, на крајот на краиштата. Ако граѓаните ни даваат доверба да бидеме нивни претставници во овој Дом, таа доверба не смееме да ја изневеруваме. Секој има право, тоа членот 5 го определува, да се кандидира, а одлуката ќе се донесе после изборот за пратеник, дека ќе треба да ја обавува професионално

IV/5.-

Прашањето на профитот, профитна дејност, злоупотреба на положбата, манипулации, калкулации, овозможување на разни зделки увозно-извозни, притисок на извршната власт и обратно, создавање на лоби-групи не доведуваат во состојба неслучјно да сме по многу критериуми на последно место во Европа. Особено последниот Извештај ако сме последни по инвестиции во Европа треба да размислиме дали за се е крив некој друг или некој тука не следи. Не следи, сигурно, и со право. Го следи нашето однесување.

Ќе потсетам на еден убав дијалог што овие денови го водат двојца еминентни финансиски стручњаци во дневниот лист Дневник, познатиот финансиски стручњак Сем Вакмин од Израел и Никола Груевски, наш банкар и брокер. Си водат убав дијалог и разговор. Коментарот на Сем Вакмин зошто во Македонија има многу малку директни инвестиции или минимално не ги става во преден план стандардот, инфлацијата. Во прв план става некои работи што не сакаме да ги согледаме. Во прв план става ниво на корумпираност во Државата, гаранциите за вложениот капитал преку донесени закони и, како еден многу важен сегмент вака го формулира констатација на јавноста, светска, дали во Македонија пратениците и раководните личности повеќе ги интересира личната, точно стои, добро состојба или добро состојбата во Земјата.

Е, дами и господо,

Ако нас не интересира добро состојбата во земјата, зошто да не прифатиме да бидеме професионални во Парламентот. Значи, повеќе не интересира личната благосостојба и позиција.

Мислам дека имаме шанса, особено парламентарното мнозинство да покажеме и докажеме дека сакаме, подготвени сме и работием во интерес на земјата, државата и граѓаните, а не за личниот интерес. Дали можеме ние да бидеме и директори и членови на надзорни одбори и пратеници и сешто. Евидентно дека не можеме.

IV/6.-

Законот што, евентуално, ако прифатиме ваква одлука, треба да го донесеме предвидува дека за време на професионалното обавување на функцијата нема да пропадне капиталот, фирмата, трговското друштво. Таму се именува управник, менаџер или сеедно што и понатаму, не смее да биде член на потесното семејство поради можни злоупотреби. Ќе се именува управител.

Понатаму, мора да се знае стекнатиот имот на почеток на мандатот, во средината и на крајот. Не можеме да се затскриваме зад умешност, претприемчивост, жртвување и да стекнеме богатства за што се потребни децении.

И, професионализацијата има свој отставки. Функцијата пратеник може да се обавува паралелно со земјоделска дејност, затоа што од мотика никој не се збогатил и не профитирал таму, може да се обавува култура, уметничка, публицистичка и научно-истражувачка дејност. Значи, дејности што се сметаат дека нема битно да влијаат на ангажирањето на пратеникот, а не ги ограничуваат интелектуалните активности.

Понатаму, овој закон треба да предвиди и санкционирање за недоаѓањето. Не дека дневницата за патување не смееме да ја добиеме. За неоправдано учество на тие професионални пратеници ќе им се одбијат соодветно пропорционално од сите примања, ако неоправдано се отсуствува. А, тие неоправдани отсуства, дами и господа, ќе бидат сведени во едни рамки што е тоа оправданост. Денеска оправдано е да се јавите со телефон дека јас имам бизнис -разговор во Софија. Готово, вие сте ослободени. Не ве интересира вас закон за избор на пратеници.

IV/7.-

Јавноста ја следи оваа седница. Верувам дека сите треба да размислиме колку бевме ефикасни, колку бевме на ниво на тоа што значи доверба на граѓаните, затоа што прашањето на 500 гласачи во една изборна единица, повеќе или помалку, е и релевантно према оваа фундаментална одредба очигледно повеќе пратеници. Мислам дека едно вакво комплетно ангажирање ќе го поврати угледот, рејтингот, легитимитетот на овој највисок Законодавен дом за да може овој законодавен Дом да се постави во одредени релации и кон законодавната и кон судската власт.

Зошто? Затоа што ако личниот интерес е примарен, ако примаран е сопствената фирма и позиција, нормално дека вие не можете да се супроставите на она што значи извршна власт, министерства, разни интервенции во закони, разни ограничувања, ембарга и сл. и обратно. Не може да се спротивставите и кон судската власт со целата оваа хипотека што ја носи личниот профит и профитна дејност.

Меѓутоа, поставувањето на професионален пратеник ги амортизира овие опасности и деградирање на нивото на овој законодавен Дом. Сигурно дека има многу работи што ќе треба да се разрешат. Почнувајќи од линчот доход на пратениците, сигурно, и другите услови.

Меѓутоа, основни услови за работа во Парламентот има, дами и господо. Службите во Парламентот работа во континуитет. Сите ние сме опслужувани тука со службеници кои работат тука. Има сали, простории останува една добра желба да останеме запаметени, точно овој состав во Парламентот дека ги увидел пропустите од 8-годишното работење за да, во идниот Парламент, елиминираме најголем дел од тоа што и нам ни пречеше, а пречеше и на пошироката јавност.

Благодарам.

V/ПЈ/ЦТ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Само накусо, со сето уважување на образложението што го даде пратеникот Стојановски, сакав да кажам следното. Чисто повеќе за јавноста и оние што не слушаат. Во нашиот Парламент и со овој закон не се забранува било кој од пратениците што сака функцијата да ја обавува професионално. И досега како што е познато повеќе од 70% од пратениците, таа функција ја обавуваат професионално. Незнам точно за процентот, меѓутоа, тоа е односот. Според тоа, секој натаму што ќе сака во овој Парламент, може функцијата да ја обавува професионално.

Второ, што се однесува до корумпираноста или можностите од злоупотреби од таквите можности, не се иземени и оние што функцијата ќе ја обавуваат професионално. Во оваа земја има доволен број на закони и најверојатно уште многу од нив ќе се донесат, ќе се доуредат, со кои што таа материја се уредува на начин на кој што секој ќе одговара за било какви злоупотреби, независно од функцијата дали ја обавува професионално или пак додека ја обавува професионално некој негов заменик ќе ја врши улогата на директор во фирмата што тој практично ја води. Така, мислам дека и тој аргумент не стои.

Трето, што се однесува до дисциплината на Парламентот, мислам дека овој Парламент досега имаше искуство многу поретко да бидат

присутни оние кои што платата ја земаат професионално од Парламентот, од оние кои што истовремено функцијата ја обавуваат волонтерски. Според тоа, мислам дека и тој аргумент е аргумент повеќе за дисциплината како треба да ја обезбедат партиските лидери и координаторите на парламентарните групи. А, не во функцијата да се стави тоа дека ако имаме професионален парламент, тогаш едноставно ќе имаме сигурно поголема дисциплина и повисок степен на ефикасност. Така што, гаранции самото по себе не даваат и сметам дека тие аргументи треба да ги знае повеќе јавноста за што е суштината на спорот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика, господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И да не сум спомнат, се разбира, се јавувам. Господине министре, точно ја кажуваат вистината дека и ние што сме професионалци без професионализација на функцијата, не ја обавуваме функцијата професионално. Целосна професионализација на работата точно ќе имплицира обврски и на тие кои што сега сме професионалци, а нормално ги прекршуваме правилата на однесување. Тогаш ќе се има еднаков аршин спрема сите, затоа што сега и одговорните во Парламентот немаат морално право спрема професионалните пратеници и преземаат одредени санкции и мерки кои што нормално би требало да се преземат, поради огромната толеранција на оние кои што не се професионалци. Мислам дека споредбата што јас ја направив се однесува на земји од блиското опкружување. Турција, Романија, Словенија, особено Словенија може да биде еден модел, земја со

слични карактеристики по број на население, географска оддалеченост и тн Сигурно дека ќе дојдеме до бројки кои што ги изнесе колегата Станковски дека ќе имаме порационален, поефикасен и поефективен Парламент, кој што по малку ќе ја чини во секој поглед државната каса.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Котлар.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван г-дине потпретседателе, г-дине министре, почитувани дами и господа пратеници, сакав да се изразам во прилог на овој амандман. Г-динот министер во неговото првобитно образложување и аргументирање против амандманот кажа дека најголемиот дел од пратениците стануваат пратеници токму заради своите лични ангажирања и професионални стекнувања и репутации во матичната средина и дека тоа би можело да се одрази, ако се професионализира функцијата пратеник, врз нивната професионална кариера. До некаде се сложувам дека ова е точно, меѓутоа, не би се сложил со неговата констатација дека тоа ќе се одрази апсолутно против кариерата на еден доктор на медицина, на еден директор на фирма, јавно претпријатие и тн. Мислам дека овие 4 години, кој што секој човек полнолетен со право да се кандидира за пратеник треба да сфати крајно сериозно и да се стави во служба на државата и пред се над државните интереси со самото станување на пратеник. Дури државните интереси стануваат примарни и над партиските и личните интереси и други видови интереси. Свесни сме дека постои парадокс. На пример, без никаква тенденција

сакам да кажам дека во изминатиот период претходниот министер за здравство направи 30 или повеќе измени на директори во јавните здравствени организации, а ниеден од директорите на медицинските центри немаше, да речам, храброст да се спротивстави на тогашниот министер и да го праша зошто ја прави таа рокада на раководниот здравствен кадар. Тоа беше, заради тоа што како директори се потчинети на министерот за здравство, а како пратеници се во услови да се натчинети над министерот односно да можат да му поставaт и интерпелација. Но, тоа не се направи. Заради тоа, за да бидат пратениците ослободени од сите видови на притисоци, од јавноста, од министри, за да се почитува функцијата пратеник и институцијата Парламент, сметам дека е неопходно оваа функција да се професионализира. Ова ќе го аргументирам и со средбата на висока делегација на Советот на Европа со Комисијата на надворешна политика пред 15 месеци кога се елаборираше овој проблем и претставниците на Советот на Европа кажаа дека не е задолжително во секоја земја професионализација на оваа функција, но дека во најголемиот број земји на Западна Европа оваа функција е исклучиво професионална, со тоа што работното место му мирува. Дури и во нивните системи за работа односно за работни односи е така направено што оваа функција е платена извонредно многу во однос на просечната заработувачка во матичната држава и со право ако е директор на јавна организација, на некоја фирма каде што државата именува министри, директори итн., тој човек по завршувањето на неговиот мандат може да се пензионира токму заради тоа што ако спротивната политичка партија дојде на власт и направи промена на администрацијата, човекот да не би останал без работа. Ценам дека за Македонија тоа ќе стане неопходност, можеби не

сега и го респектирам мислењето на министерот за правда г-динот Спасов дека можеби не се во моментов созреани условите, бидејќи нашиот повеќепартиски систем, тоа е од прилика 7 години ние немаме високо профилирани политички партии, кои што поседуваат доволно кадри, да може во секое време да исфрлат пратеници, министри, директори, носители на јавни функции, но со тек на време неопходно ќе се направи тоа. Апелирам овој амандман, до колку е можно во интерес на побрзиот напредок во таа смисла да се направи сега, а доколку не се направи сега, тоа сигурно ќе го направи следниот парламент или некој друг парламентарен состав.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, имаме попречни размислувања, а Владата има понудено и едно решение, па морам да бидам искрен кога своевремено се залагав за професионализам на пратениците, а имајќи го предвид моето искуство во двата мандата и во тој контекст, своевремено лично бев убеден дека еден професионален пратеник можеби ќе си ја извршува многу поквалитетно својата работа. Во посета на неколку држави со одредени делегации дојдов до констатација дека определени држави за самите пратеници имаат обезбедено неверојатно посебни услови за работа, за нивната активност, почнувајќи од она што значи плата, она што значи канцеларија, сместај и она што значи пратејќи, она што го следи секој пратеник во изборната единица во која се наоѓа.

Гледано од тој аспект сега, самиот си поставувам на себе прашање, дали сега навистина и објективно оваа држава во овој даден момент може да обезбеди на еден пратеник да кажеме, да биде во рамките на една Полска, каде имаме исти пратеници таму со некое ниво на овој постојниот личен доход еднаков по глава на жител, каде тие пратеници таму веќе имаат 2.500 германски марки, имаат 1.500 долари исклучиво за канцеларии, за сето она што го прати самиот пратеник во местото на живеење и да не кажувам други привилегии во однос на тоа. Тоа го прави, еве гледаме, Словенија и таму се такви и слични условите. Има и на други места. Во тој контекст се плашам лично дека можеби ќе дојдеме во позиција дека државата не ќе може во овој даден момент да ги обезбеди сите тие предуслови за работа на еден професионален пратеник.

Второ, ги гледам просториите на ова Собрание. Ние ја гледаме просторијата низ призмата на претседатели на одредени комисии. Да. За претседателите на комисиите се создадени одлични услови за работа, и да не кажам за дел на пратенички групи со исклучок на СДС кој има многу пратеници, а многу мал простор. Тоа гледано е реално и објективно. Наспроти да кажам на мојата Социјалистичка партија со 7 пратеници имаме одлични услови за работа во самиот Парламент. Меѓутоа, зборувам за другиот ефект. Меѓутоа, ако дојдеме сега во позиција, д не бидеме алергични на ова што ќе се спомен, објективно зборуваме, ако ние сега сите 120 пратеници бидеме секојдневно присутни во ова Собрание, се плашам дека не ќе можат да ни го најдат крајот, ниту просторно, ниту кадровски, и незнам како може тука да се опслужуваме. Ова го велам, заради тоа што еве гледам денеска сме на седница, условно да бидеме капацитет од 120 пратеници, каде ќе бидеме

сместени. Веројатно е дека ако имаме една обична пауза од 1 или 2 часа, ние сме сите по ходници или во она мало ресторанче во кое одиме заради некоја биолошка потреба. Во тој дел лично сметам ако сакаме да се определиме за професионализам, што јас на некој начин го поддржувам амандманот на ЛДП, што сметам дека е позитивен однос кон ова, но еве министерот за правда кажа дека, сепак, Владата може да го поткрепи ова професионално однесување на секој пратеник по сите односи.

Поаѓа од една друга гледна точка. Мислам дека треба да се направи една сериозна анализа, дали сега во овој дел одговорноста на пратеникот и неговото одговорно однесување во средината во кое живее или во самиот пратеник е индивидуално или тоа зависи од неговиот статус. Професионалец или непрофесионалец. Ако се направи една длабока анализа, можеби и чисто професионално лица кои ги обавуваат овде функциите за да земаат плата, лично во Парламентот, можеби се помалку одговорни и помалку се активни од некој непрофесионалец кој обавува две работни задачи. Тоа го сфаќам како една индивидуална одговорност и зависи од личноста на човекот. Имам јас, не спомнувам ниеден пратеник, не сакам да го повредам, на списокот гледам дека е професионалец, меѓутоа, како неговата активност малку да е подзаборавена во тој дел. Нека се однесува и за мене, тоа не е битно. Зборувам за еден објективен однос или лично во овој закон сега мислам дека за оваа држава, која сега го плаќа пратеникот само со 19.500 денари плата, не е мотивирачки да создадеме еден професионален однос кон институцијата пратеник во сите аспекти. Секој ќе зборува дека, па добро ако е некој менаџер таму има поголема плата итн., а овде има 19.500 денари. Со 19.500 денари и оној паушал што го зема од 5000 и неколку денари мислам дека е недоволен да може да биде мотивирачки

по квалитетниот човек да се зафати со една пратеничка функција. Во тој контекст лично сметам дека ова што го предлага Владата е многу по флексибилно во однос на она што се предлага во амандманот. Амандманот е нефлексибилен, крут, кај него нема размислување едно или друго, ти си професионален, па дури да ви кажам и тогаш, иако во законот тоа сме го сместиле професионално, ние за 4 години немаме механизам, ако тој до крај не си ги извршува работните задачи, дека можеме сега да го смениме. Баш напротив, освен она што се нуди во наредниот закон, еве има еден предлог да се предложи закон за пратеници во кој веќе се покажуваат сите постапки, одговорноста и правото на секој пратеник во сите аспекти. Тогаш може она што го зборува мојот почитуван колега Владо, мислам дека во тој дел посебно го почитувам, дека ако човекот односно пратеникот не бил присутен 3 месеци во самиот Парламент мислам дека нему треба да му се одбие она што значи привилегија, плата и други надоместоци.

Да скратам, лично сметам искуството кое го имам добиено и причитано во западните земји во однос на она наградувањето и создадени услови, сметам дека нашата држава во овој момент најповеќе и одговара, да не кажам, овој предложен текст на закон, за да флексибилноста биде до крај, ќе бидам професионалец, или нема да бидам професионалец.

V/9

**ЏЕЛАДИИ МУРАТИ:**

Г-дин Аце Коцевски

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Мислам дека со право пратениците му посветуваат многу внимание на овој амандман. Според мене, ова е еден од клучните амандмани, од клучните одредби на Законот за избор на пратеници и поради тоа ќе си земам за право, заради јавноста да го прочитам текстот на амандманот, за да биде потполно јасно за што се работи.

Текстот на амандманот гласи: "Да се додаде нов член 5-а со следната содржина, Функцијата пратеник во Собранието се врши професионално. Пратеникот за време на траењето на мандатот не може да врши други професии односно да се занимава со профитна дејност и неспоивоста на функцијата пратеник со вршењето на други профитни дејности, се уредува со посебен закон". Тоа е содржината на амандманот.

Дозволете ми во име на пратеничката група на ЛДП да ги изнесам аргументите во прилог на предложениот амандман. Велам дека еден од најзначајните амандмани по овој закон, затоа што функцијата пратеник во секоја развиена парламентарна демократска држава е една од најпрестижните, најугледните, најценетите и најпочитуваните функции. За жал, можам слободно да констатирам дека функцијата пратеник во нашата држава е толку многу девалвирана, што просто зачудува. Тоа произлегува, меѓу другото, не само заради ваквиот состав на Парламентот, да речам, во ова свикување во кое ние се наоѓаме, туку и заради односот на законодавецот кон функцијата пратеник.

Народот не случајно ја измислил народната поговорка дека две лубеници под една мишка не можат да се носат. Преведено тоа би значело дека со сиот респект кон пратениците, кои во исто време се универзитетски професори, директори, хирурзи, лекари, и незнам кои се други професии, меѓутоа, неможе, а да не се констатира дека во исто време еден ист човек не може да биде и добар пратеник и да биде добар директор, добар раководител, добар професор, добар хирург. Едноставно, еден дел од работата мора да трпи. Или ќе биде недоволно подготвен пратеник и нема да одговори на обврските, кои му ги довериле односно ги земал во име на избирачите кои му ја дале довербата, или ќе трпи неговото работно место на кое се наоѓа, но поради силината на неговата функција, веројатно, сето тоа ќе му биде прогледувано низ прсти.

Од тие причини сметам дека најдобро решение во овој момент за Македонија, а мислам дека тоа е и најдобро решение за СДС е функцијата пратеник да се врши професионално односно пратениците да засноваат работен однос во Собранието на Република Македонија. Јас, навистина, верувајте ми, не можам да најдам ни еден добар аргумент поради која функцијата пратеник во овој момент не може да биде професионална. Не верувам дека држат аргументите, затоа што тоа ќе ја чини поскапо нашата држава, едноставно тоа не е точно, а дури и да е така, да ја чини поскапо, сепак, тоа се 120 народни избраници кои ја претставуваат волјата на граѓаните во законодавниот дом на државата преку кои народот ги пренесува своите ставови и долг во кој се донесуваат законските акти во државата. Исто така, треба да се штеди на многу други полиња, а не да се штеди во тој правец. Како што исто така не држи аргументот дека условите во Република Македонија не се

созреани. Условите се и тоа како созреани, јас не гледам кои други услови треба да се создадат за да се донесе една ваква значајна одлука, освен ако не се земе во предвид можеби влијанието на некое моќно директорско или незнам какво лоби во рамките на СДСМ кој не сака да се збогува со своите двојни позиции и на пратеник и на раководител односно директор или друг моќен човек во рамките на својата партија. Дури и ако се следат искуствата не само на развиените парламентарни држави дури и на земјите во транзиција, односно на земјите во развој со кои ние не треба да се споредуваме и е логично да се споредуваме, зборуваат дека во скоро сите држави или во повеќето држави функцијата пратеник е исклучиво професионална функција. Јас вчера ви зборував за искуствата во Словенија каде што во Законот за избор на пратеници има голем број на членови кои зборуваат не само за професионализацијата на функцијата пратеник, туку и зборуваат за неспоивоста на функцијата пратеник со други функции, за пријавување на имотот на избраните пратеници, а најсвежо е искуството на Словенија, каде што дури е донесен и посебен закон за неспоивост на вршење на јавна функција. Тука влегува функција, министер, пратеник итн. Со профит на дејност.

VI/1 ДВ/МП

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Тоа решение би било многу добро и од причини што ќе се избегне двојната позиција во која се наоѓаат пратениците како најпривилегирани граѓани во државата, во исто време да се и пратеници и да извршуваат некои важни функции во државата и да ја користат односно употребуваат и злоупотребуваат функцијата пратеник затоа што на тој начин им се подотворени многу повеќе вратите во многу важни државни институции и министерства, во споредба со другите бизнисмени и стопанственици во државата кои едноставно се хендикепирани затоа што ја немаат таа привилегија, искористувајќи ја функцијата пратеник да завршат одредени обврски за својата фирма, користејќи ги бенефициите и позициите во кои се наоѓаат. Од тие причини Владата треба да побрза и со законското решение за пријавување на имотот на избраните и именуваните функционери во кои спаѓаат и пратениците, за да се подигне нивото на значењето на функцијата пратеник и да се даде акцент на чесното извршување на функцијата, како што е тоа регулирано во голем број на држави за да се знае со каква имотна состојба пратеникот влегол во Законодавниот дом да ја извршува својата функција и со каков имот го завршува мандатот за да се види дали некој правел ујдурми и ја злоупотребил својата функција, за на нечесен начин да се стекне со богатство кое во други услови не би можел да го направи. Од тие причини мислам дека ќе донесеме една голема одлука доколку го прифатиме овој амандман, ќе придонесеме функцијата пратеник да биде многу почитувана, многу престижна и ценета функција во државата, а не

да го имаме третманот што го имаме сега, затоа што ако сами не се почитуваме, да не се лутиме доколку и другите не не почитуваат.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас по втор пат се јавувам на оваа тема, да го демантирам господинот министер, бидејќи двете тези кои беа истакнати дека 70% од пратениците се професионалци, за да го поткрепи своето одбивање на овој амандман, дека тоа не е точно, дека е многу помал бројот на професионалните пратеници. И друго мислам дека треба да се извини на професионалните пратеници во однос на нивното присуство и активност во овој Парламент. Тоа беше паушално изречено, бидејќи не се водат евиденции во овој Парламент од страна на Стручните служби, за присуството и сметам дека тоа е паушална оценка.

На крајот би сакал уште еднаш да потенцирам дека успешноста во светот се мери со професионализмот, а професионализмот бара цела личност. Од тој аспект се залагам за професионален пратеник.

Економиката е вториот дел на приказната односно вториот дел со кој го поткрепувам овој факт и го брани овој амандман. Јас не случајно изнесов пресметка дека овој Парламент и оваа држава многу помалку ќе ја чинат професионални пратеници. Сега со ваков однос сметам дека цената на чинењето на Парламентот и на државата и секој граѓанин во оваа држава е за 23% поголема најмалку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе морам да му реплицирам на колегата Арсовски заради манипулирање со јавноста, дека професионализацијата не подразбира

доаѓање во овој Парламент секојдневно во 7 часот наутро на работа. Тоа е една голема невистина. Професионализацијата подразбира редовност на комисии, работни тела, седници на Парламент, кои не се секојдневни и не се одржуваат во 7 часот. Услов за подготовка има. Второ, калкулациите со личните доходи мора да бидат ставени во контекст на она што значи можности на државата и што значи дел од она што е систем за наградување. Не можеме ние сега да имаме амбиции дека професионализацијата подразбира, ако одредиме личен доход од две илјади долари и повеќе. Сигурно дека ќе мора да се направи нешто во тој правец. Но, точно во тоа ја гледаме целата хипокризија на одбегнувањето на професионализација на функцијата. Значи, важно ни е кој личен доход ќе ни даде некој, да обавуваме овде професионална функција, а не дека треба да ги застапуваме интересите на граѓаните. Ние кога се кандидираме не се пазариме ниту со парламентот ниту со граѓаните. Се кандидираме за пратеници во услови на она што го имаме. Не можеме ние да бараме такви лични доходи кога имаме таква состојба со стандардот на граѓаните. Тоа е нереално и дури мислам е контрапродуктивно. Секој така што размислува, нека размислува за шансите на есенските избори.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Арсовски има реплика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека мојот колега, не знам дали да изберам некој посебен збор, меѓутоа голем популиста е. Многу се удвара, а многу малку работи

изгледа. Меѓутоа, такви луѓе, можеби, во наредните избори ќе направат селекција, а граѓаните пак ќе направат што ќе направат.

Ниту имав намера да го кажам тоа што Томе го кажа, меѓутоа тој искористи прилика. Бидејќи тој е еден од партијата на ДПМ и бидејќи му е дадена посебна канцеларија во Собранието да ја има, не може да види дека другите пратеници се во ходници. Тоа е таа права логика на работата. Во тој контекст мислам дека некоректно е дека ја лажам јавноста. Ова Собрание во дадениот момент просторни услови нема за да можат сите пратеници функционално да работат односно она што треба да го добијат како литературва, да го прочитаат. Во тој контекст ако некој пратеник сега треба професионално да се занимава со таа функција тој треба да има канцеларија во својата изборна единица, но, во таа изборна единица каде треба да ги прима граѓаните, да контактира со граѓаните, а во меѓувреме да има и други услови да може да комуницира со целото членство во таа изборна единица. Гледате сега дека изборната единица која се предлага во Законот е многу голема. Така да тука во прашање е функционалност на самиот пратеник. Во тој контекст добро е, нека биде и професионалец. Меѓутоа, еве, јас не сум професионалец ама стигнувам да можам да бидам близок до моите бирачи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика за господинот Стојановски:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не го навредив мојот колега со популист и човек кој што не работи. За тоа ќе кажат други. Меѓутоа, бидејќи нема никакви услови во Парламентот, значи ние овде доаѓаме од хоби, сега во овој мандат и во

претходниот. Значи ние овде доаѓаме од хоби, штом нема никакви услови за работа. Според тоа прашањето на простор ќе се решава. Сите ние тоа го констатираме. Меѓутоа треба да преовлада желбата, подготвеноста дека не можеме да бидеме и ваму и таму, а фактички никаде. Таа подготвеност ќе ги реши тие прашања. И Владата беше сместена во едни мапи простории во наше соседство тука, па потоа се дислоцира во други по оптимални услови. Не може тоа да биде прашањето за професионално обавување на функцијата. Условите ако ги сакаме, тука се, покрај нас, може да има и дополнителни локации. Основно е да се одредиме. Меѓутоа, Законот е многу широк. Зошто ние сега го напаѓаме членот 5 во целина. Членот 5 дозволува секој да се кандидира, а по евентуалниот избор ќе се биде професионален пратеник, а ќе се остави и претходната функција. Според тоа условите во локална самоуправа немаат врска со ова што го споменува колегата. Тоа се услови кои ние треба да ги имаме и како професионалци и како волонтери. Мора да имаме ние таму простор за комуникации. Според тоа тој простор не е поврзан со професионализација на функцијата. Значи ли дека професионалниот функционер, пратеник треба да има просторија, а тој што не е професионалец не треба да има. Сигурно не. Сите треба да имаме просторија и во Парламентот и во единиците каде што сме избрани. Но, тоа се работи кои се решаваат. Треба да имаме желба, а верувам дека ќе изнајдеме снага ова да го изгласаме.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Јас се согласувам дека овој амандман е еден од клучните, би рекол и поважни амандмани. Јас за него вчера во општиот претрес зборував и

го кажав своето мислење. Меѓутоа, ценам дека треба да се јавам и денес и да го кажам истото мислење.

Јас го почитувам мислењето на предлагачите и мислам дека во најголем дел се во право. Јас вчера реков дека неминовно е да се оди кон тој процес во професионализацијата, меѓутоа од прилика за еден до најмногу два циклуса тоа мора да биде така. Јас знам еве овде во нашето соседство во Грција, дека еден пратеник во Грција има две до три канцеларии во изборната единица со професионални лица кои тој сам ги плаќа од своите примања од државата. Потоа тој има шофер, има кола има и полицаец, односно човек за обезбедување. Значи тоа е во Грција. Меѓутоа дали сме на исто економско ниво со Грција па ние истото да го имаме. Самиот пратеник професионалец без услови обезбедени за работа, еве ова што се зборуваше овде, без канцеларија, без придружни служби, нема таков ефект каков што би требало да има.

Присуствува на една полемика во Шведска, во Парламентот каде што имаше пратеници од триесетина пратеници од Европа, околу тоа дали пратеникот треба да биде 24 часа во Парламентот, или 24 часа на работа во изборната единица. Се воспостави дека пратеникот треба да биде што помалку присутен во Парламентот, а што повеќе односно целото свое време да го поминува во својата изборна единица, со своите избирачи, со граѓаните. Еве, уште еднаш велам најпрвин треба да се создадат економски улови, просторни услови, и сите други, па потоа неминовно е да се оди кон професионализација.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници околу овој амандман на колегата Бомбај се покрена голема врева.

(Реакции од страна на пратениците на ЛДП дека тој амандман е нивни).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам продолжете.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господо јас овој амандман не го прифаќам, што го предлага опозицијата од една причина. Што ќе значи за ова Собрание 120 платени пратеници. Тоа ќе значи една огромна давачка од Буџетот на нашата држава, за пратеници, кои што доаѓаат еднаш во текот на шест месеци.

Јас мислам дека сите образложенија што беа овде поднесени, ако се воспостави функцијата платени пратеници, дека ќе имаме паралелност, тоа е една обична фарса. Уште повеќе ќе ги натераме да не доаѓаат. Друго јас цело време барам премии за сончоглед, пченица, шеќерна репа, млеко, тутун и за кој не се култури. Па од каде господо ќе се најдат пари за премии ако тогаш овие пратеници ги земат сите пари од Буџетот за плати и дневници. Од тие причини реков дека овој амандман нема да го прифатам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитувани министре, почитувани колеги пратеници. Бидејќи денес се дискутира овде и сакаме да бидеме професионални пратеници јас имам една опасна идеја и еден мој добар предлог, а тоа е од еден до пет

милиони марки оној кој сака да биде професионален пратеник нека депонира и нека биде професионален со своите средства. Мислам дека тогаш тоа ќе биде најдобра работа. Значи пошто го предлагате тоа така, еве јас предлагам од еден од пет милиони марки нека депонира секој и тогаш ќе биде најпоштен и најчесен пратеник о државата.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван министре, почитувани пратеници. Да кажам јас нешто во врска со овој амандман.

Се согласувам со сите тие кој мисли дека овој член е еден од клучните членови но во овој закон, затоа што навистина со овој би се дефинирале многу работи што се однесува до положбата на пратеникот во Собранието на Република Македонија. На секој од нас му е јасно дека една од главните функции на пратеникот овде е да изврши и контрола над извршната власт. Се додека еден пратеник е вработен во одредено министерство, во кое министерство тој се назначува од одреден министер, можноста тој пратеник да биде контрола над таа извршна власт, се минимизира. Се додека еден пратеник или нашиот парламент статистички ако се земе, колку се поднесени закони од страна на пратеници, ќе дојдеме до констатацијата дека ние функцијата пратеник навистина многу малку ја извршуваме.

Некој овде спомна за Полска. Јас имав прилика да зборувам со маршал на Полска и тој отприлика рече вака: 80% од законите кои се носат, нивни подносители се пратеници. Ние денес имаме ситуација кога

над 90% предлагач на закони е Владата. Дали ние ја преземаме нашата права улога, рамноправно учествуваме во носењето на закони? Со оваа положба не. Јас сум свесен и за тоа дека тоа навистина ќе повлекува и одредени други додатоци затоа што првенствено треба да му се овозможат услови на еден пратеник за да може да подготви еден комплетен закон. Затоа пратеник во овие услови во кои ние работиме не може да поднесе сам Закон.

VII/1 ЈМ/НД

**РИЗВАН. СУЛЕЈМЛНИ:** (Продолжение)

Со оглед дека се подготвува во матичната комисија и Закон за пратеници оваа расправа денеска што ја водиме ние во врска со овој закон да ни биде како некоја нацрт расправа пред тој закон кој што би требало да дојде на дневен ред и уште еднаш да се разгледаат сите можности, реални можности на државата дали би можела државата да ги поднесува сите тие трошоци кои неминовно би следеле откога би донеле ние таков закон каде што сите пратеници ќе бидат професионалци и уште еднаш да размисли и Владата и ние за тоа како дефинитивно да го решиме овој проблем. Мислам дека имаме шанса уште со Законот за пратеници оваа работа да ја регулираме а сега да го прифатиме ова што е понудено од страна на Владата.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Сакав да полемизирам со господинот Тантаров кој кажа дека доколку се професионализира функцијата пратеник тоа ќе биде изразито висока стапка во буџетот за финансирање на пратеничкиот состав. Јас ова мислење не го делам и мислам дека пратениците треба да бидат финансирани во комплет од буџетот на Република Македонија и да имаат статус на професионалци. Едноставно да имаат своја канцеларија, средства за комуникација, телефон, телефакс, компјутер и можност како што е во развиените земји за консултација и тоа на товар на државниот буџет со експерти зависно од Законот кој што е предложен на дневен ред. Ценам дека не е основниот проблем товарот на државата, туку основниот проблем е во тоа што ние не сме сеуште во состојба да исфрлиме профилирани политичари во смисол на професионален пратеник. Заради тоа сметам дека функцијата пратеник без оглед колку ја чини државата секогаш ќе е поефтина ако се изведува квалитетно, отколку ако се изедува непрофесионално.

VII/2.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседеле, почитуван министре, дами и господа очигледно дека овој амандман предизвика интерес и како што рече господинот министер Спасов повеќе за јавноста отколку за самиот амандман.

Прво сметам дека очигледно е се јавија и предлагачите кои што се застапуваат за овој амандман и еден дел од пратениците, но и дел кои што се против овој амандман. Според мене,мое лично мислење дека противниците на овој амандман и оние кои што не би го поддржале овој амандман поаѓаат од една едноставна причина зошто не го поддржуваат амандманот. Не го поддржуваат амандманот заради тоа што професионалната плата на пратеник е далеку помала отколку што би ја добивале заедно како пратеник во Собранието на Република Македонија директор во фирмата во која што е и разликата која што од 30% ја добива како функции онален додаток во Собранието на РМ. И немојте да се лажеме дека има друга причина. Тоа е мое лично мислење. Секој друг аргумент според мене е неодржлив. Тоа со себе повлекува едно, дека ние ако сакаме да гради- ме држава нема да си играме играчки во градење на државата. Ако сакаме да правиме пратеник треба да направиме пратеник кој што ќе биде достоен на својата функција. Очигледно е дека противниците на овој амандман со 19.500 денари колку што зема еден пратеник се незадоволни, затоа не при- фаќаат да бидат професионално пратеник. Тоа е првото прашање кое што сакам да го кажам. Истото ќе се однесува и на надоградувањето на државата. Кого го лаже еден министер дека со 25.000 денари плата што ја зема месечно во РМ живее на нога на која што живее. Истиот тој министер ќе носи одело од 600, 700 марки, а толку му е платата. Затоа ние со тие работи не смееме да си играме и еднаш треба пред оваа јавност да излеземе и да кажеме дека ако сакаме да градиме држава ќе градиме држава со сите атрибути. Тоа е првото што сакам да го кажам.

Второ, исто така, заради јавноста беше изнесена тезата дека професионалното ангажирање на пратениците многу повеќе ќе ја чини Република Македонија, односно дека ќе биде оптоварен буџетот на Република Македонија. Господинот Котлар тоа го образложи. Само уште нешто ќе додадам. Ќе се изброиме вака, бројот на професионални пратеници кои што сме овде, јас сум еден од нив, кои што сме на товар на Буџетот на РМ, ќе ги изброиме директорите на јавни организации кои што се во Парламентот кои што исто така се на буџетот на Република Македонија, иако ги земаат платите од организациите каде што работат, сите директори без да се навредат, сите директори на јавните здравствени организации и тие се на товар на буџетот на РМ дали од Фондот за здравство или директно од буџетот. Сите директори кои што работат во јавни претпријатија и тие се составен дел на товар на Буџетот на РМ. При една таква анализа ќе дојдеме до констатација дека и во сегашни услови го оптоваруваме буџетот, но многу повеќе отколку да бидат професионални, затоа што нема да ја земаат таа разлика од 30% која што ја имаат на додатокот на личниот доход кој што го земаат, односно платата во организациите каде што се вработени.

Следниот аргумент зошто не сака да се прифати овој амандман. Според мене една стара македонска поговорка вели: "две лубеници под една рака не одат. Господинот Коцевски тоа убаво го образложи. Ние можеме само да се лажеме дека можеш максимално да ја обавуваш функцијата пратеник и на работното место каде што си. Една работа мора да трпи. Сите сме ние луѓе кои што ако не повеќе ни треба одмор во одреден период. Овој амандман не сака да се прифати од едно лоби, од едни луѓе кои што сакаат да имаат влијание директно и во власта и во стопанството Во тоа никој не може да ме разубеди дека не е така. Во спротивно ако тој ист пратеник кој што обавува функција и како пратеник и на одредено работно место до крај ги застапува интересите

на граѓаните и до крај застапува интереси онака како што треба да ја обавува функцијата за пратеник сакате, или не, ќе има реперкусии бидејќи дирекно е потчинет од Владата која што тој ја бира. Ние овде имавме случај на еден наш колега пратеник кој што се спротивстави на министерот за финансии со еден амандман, знаеме како помина. Доколку го усвоиме овој амандман за професионализација, но професионализација онаква права како што треба такви работи ќе немаме. Може ли некој мене да ме разубеди дека сите кои што се пратеници, а во својот работен однос се директно пот- чинети на Владата или на органите на Владата на Република Македонија се самостојни во одлучувањето. Господинот Котлар напомена овде како се однесуваат директорите на јавните здравствени организации кога министерот за здравство нешто ќе постави. И тоа е човечки, нормално е да очекувате дека тој човек после неможе сам против себе си да си оди. Од тие причини сметам дека овој амандман ако е потребно и дополнителни консултации дека овој амандман треба да се прифати.

Следната причина заради која што треба да се прифати е испре- плетеноста на функцијата пратеник со органите кои што треба да му вршат инспекција во својата работа. Тоа овозможува доаѓање, односно до појава на корупцијата во органите на Република Македонија.

Следното со кое што би сакал и да завршам, јас сметам дека господинот министер за правда, господинот Спасов, тоа го рече и господинот Станковски треба овде јавно да ни се извини на нас пратениците кои што професионално ја обавуваме функцијата во Собранието на РМ од причини што господинот Спасов е министер една година и не- можеше доволно да не прати кој, колку присуствуваме.

VII/5 . -

Второ, ако е така тогаш молам да аргументира врз основа на што смета дека пратениците кои што професионално ја обавуваат функцијат; тој кажа дека досега многу помалку биле присутни на седници на Собрание отколку пратениците кои што би рекле по оној стар израз, волонтерски ја обавуваат функцијата. Само за негова информација, господине Спасов овде три ипол години, четири јас сум отсуствувал само на две седници на Парламентот. Ќе ве молам ако изнесувате такви податоци дека треба да ги аргументирате тие податоци за јавноста.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Јас еве јавно им се извинувам на пратениците ако така сум рекол. Меѓутоа, молам да се земе и стенограмот и да се прочита дека реков, дека во однос на аргументот на господинот Стојановски сигурно можат да се најдат примери дека пратеници кои што не ја обавуваат функцијата професионално се поредовни од пратеници кои што ја обавуваат функцијата професионално Така е, ќе проверите во стенограмот, бидејќи знам точно што зборувам, а не сакам лично од говорницата да давам примери да не би навредил некои пратеници кои што исто така се професионалци, меѓутоа, во овој момент од некои свои политички или други причини се отсутни во салата на Парламентот.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

И заради нас овде и заради јавноста треба да се каже дека ние сега расправаме по амандманот на групата пратеници од Либерално-демократска партија. Вистина е и тоа дека со иста содржина има дадено амандман и господинот Томислав Стојановски. Сакав да исправам да не се створи забуна, бидејќи еден од пратениците погрешно информираше.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

VII/6.-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Колеги пратеници, по ова прашање очигледно се исчекуваше и ваква подолга дискусија бидејќи сепак професионализацијата на пратеничкото место е работа за која сигурно сите сме размислувале бидејќи сме во овие клупи и сигурно си имаме свои лични ставови градени на различни искуства во животот. Беа изнесени различни тези дека пред се ќе ја чини државата многу, дека ќе го теретиме буџетот многу и дека ќе донесеме непожелни последици по работата на Парламентот. Јас само да потсетем дека од 1990 година па наваму функционира парламентарниот систем со парламентарци и дека досега колку што јас знам никој од пратениците барем официјално никаде не се пожалил дека нема услови за работа, дека нема услови за работа на терен, дека не ја обавува својата пратеничка функција не дај боже добро на теренот и сите уште повеќе се фалиме дека многу добро ја обавуваме својата функција и дека утре, друг ден пак ќе се кандидираме за пратеници. Сега наеднаш кога се поставува прашањето сите ние да застанеме и со полна снага работиме исклучиво како пратеници, се јавуваат пречки во смисол ако немаме канцеларија не ќе можеме да работиме, ако немаме компјутер не ќе можеме да работиме, ако немаме служба околу нас не ќе можеме да работиме. Дали тоа значи дека досега ние не работевме. Ако тоа за некој значи така, за мене не значи, бидејќи јас тврдам дека јас досега работев а и многу колеги кои ги познавам тврдат дека работеле и во овие услови какви што се без додатно оптеретување на буџетот, јас имам приеми во Битола обезбедени , примам граѓани на Битола редовно и разговарам со нив. Значи можело и без додатни трошоци. И теоријата да размислуваме на ова прашање да мора да се оствари со обезбедување со незнам какви услови е многу погрешна. Јас лично мислам дека треба ние да го усвоиме овој амандман и да одлучиме

пратениците да бидат професионални и да влеземе во понатамошна реализација на барањата евентуално кои ќе произлезат понатаму. Бидејќи од последиците да се оградуваме од првиот чекор е многу некоректно и многу непожелно и очигледно само пројавува знаци на слабост, да не речам и на лични интереси. Народната поговорка: две лубеници под една мишка не одат, е многу точна и многу прецизна за овој амандман. И за жал во досегашните наши активности многу често се осеќа времето кога ова го осеќа Парламентот. Сега јас дискутирам, добар дел од пратениците не ме ни слушаат, очигледно се занесени во своите други размислувања за бизнисот, за работата, за платите, а не за она што тука го договараме и размислуваме. Затоа во името на тие што не бираат нас овде предлагам да го гласаме овој амандман, да им дадеме шанса на тие што ќе дојдат после нас во овие клупи со полно право да се наречат себеси пратеници.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, очигледно е дека имаме различни мислења по повод професионализацијата на пратеничката функција. Веројатно многу од нас и се наоѓаат себе си на идните парламентарни избори, па можеби сакале или не, доаѓа до израз и посебно личниот интерес и каде секој од нас може да се најде сега на овие избори. Меѓутоа, по мое длабоко убедување ако објективно ги согледаме работите јас сум еден од тие кои што сметаат дека треба да се заложиме за професионализација на пратеничката функција од неколку причини. Сигурно не е тоа причина, меѓутоа праксата во многу развиени демократии барем таму каде што јас сум ја следел и сум имал прилика да видам каде пратеничката функција е професионална. Веројатно тие луѓе размислувале дека тоа е предност на извршувањето и во корист на квалитетот на извршувањето на пратеничката фикција. Она што значи професионализација во поглед на тоа дали некој присуствува редовно на седница или не, тоа е најмалиот проблем и можеби може да биде некој и професионалец чисто, па да не

присуствува на седници на Парламентот. Значи јас не би го гледал тоа прашање од тој аспект. Меѓутоа, јас би го гледал од една друга страна. Прво, пратеникот кој што е директор на едно претпријатие на една фирма и се соочува со економски проблеми да обезбеди плата за 1000, 2000 работници, во исто време тој треба да извршува една вака важна функција во државата како што е пратеничката. Сигурно не му е лесно во исто време успешно и квалитетно да ги извршува двете работи. Сигурно едната ќе биде на уштрб на другата работа. Тоа е едниот аспект на заложбата за професионализација на пратеничката функција.

Второ мислам дека еден пратеник кој што има работно место, истовремено е пратеник, тој кога се залага за одредени ставови ако до крај оди може да биде, на пример ако биде доследен на самиот себе си може да трпи одредени штетни последици по работаното место кое што го обавува од да речеме партитеи власт ако се работи за пратеник кој што е да речеме од опозицијата. Значи во такви случаи може ако биде доследен до крај на самиот себе да има одредени штетни последици в извршувањето на работите на работното место. Вака би бил ослободен од тој терет, од тој товар и мисла дека на тој начин многу поквалитетно и подоследно може да ја извршува пратеничката функција. Се разбира професионализацијата на пратеничката функција значи доследно до крај и решавање комплетно на статусот на пратеник. Имено тој пратеник за време од четири години додека ја извршува таа пратеничка функција тој мора да биде сигурен во својот статус па да речеме и од материјален најповеќе аспект, а мислам дека буџетот ан државата ако не може да обезбеди во таа смисла материјално да го обезбеди пратеникот или 120 пратеници во време од четири години ние тогаш навистина не можеме да зборуваме дека сме сериозни во градењето на државата.

Мислам дека во тој поглед треба да има приоритет во буџетот, односно комплетно да се реши статусот на пратеникот за време на вршењето на неговата функција затоа што тој повеќе нема да може да обавува други функции освен пратеничката. И затоа мислам дека по углед и на многу други држави, мислам дека и ние во градењето на државноста треба да се залагаме за професионализација на пратеничката функција.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор:

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас за да нема дилеми почитувани пратеници ќе го поддржам овој амандман пред се од моето длабоко убедување дека таквото решение треба одамна да суштествува во нашиот законодавен систем.

Второ, од моето практично искуство за сите овие 7,5 години во претходниот мандат и во овој мандат. ќе наведам неколку факти и ќе се обидам да најдам аргументација зошто ќе застанам зад такво решение.

VII/1.- СП-ВБ

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Прво, мислам дека дискусиите кои се водат овде околу ова прашање во начело отвораат една многу суштествена тема по повод овој амандман тоа е функционирањето на парламентот на Република Македонија. Оттука почнуваат сите други дејствија и тука повторно се враќаат сите други дејствија во врска со функционирањето на политичкиот систем произлезено во врска со функционирање на економскиот систем во Републиката, во врска со развој на демократијата на Републиката и сите сегменти што треба и понатаму да се развиваат и градат во Република Македонија. Нивото на дискусијата која овде преовладува во расправата, мислам дека ги изместува правците од суштинското прашање, а спрема мене тоа треба да биде во правец на следните видувања:

Прво, со самиот Устав на РМ ние ја имаме дефинирано позицијата на органите на власта во политичкиот систем, на поделба на власта на Законодавна, извршна и судска. Со механизми кои ги имаме дефинирано во Уставот и другите позитивни прописи во Република Македонија и во секој случај треба да се почнува од тоа начело при законските решенија и при решенијата на законот и во овој случај кога имаме предметна расправа и на кој начин во каква положба треба пратениците да ја обавуваат својата мандатна функција од четири години.

Има и други одредби кои ја санкционираат положбата на пратениците во Уставот на РМ, кои на некој начин со досегашните позитивни решенија во законите на РМ се загрозени тие уставни постулати, а тоа е:

Прво, дека пратениците во Парламентот одлучуваат дека се претставници на сите граѓани во РМ, дека не се претставници на поодделни социјални, еснафски или незнам какви други групации или територијални или национални, како често можеме да слушнеме од оваа

Говорница туку се тоа претставници на граѓаните на РМ нормално граѓани употребеа изразот во политичка смисла на граѓани.

Второ прашање дека пратениците во ова Собрание одлучуваат по сопствена совест, за да сите овие уставни постулати бидат практично операционализирани во секојдневното работење треба да се создадат и законски предуслови за тоа, во смисла да се создадат законските услови да можат пратениците во вистинска смисла на зборот да ги исполнуваат тие уставни постулати. Доколку нема законски решенија кои ќе ја дефинираат пред се нивната уставна положба, како што е дефинирана, кои ќе ја операционализираат во практика, доколку нема законски решенија кои ќе ја преферираат нивната сигурност во вршењето на пратеничката функција, доколку нема решенија во законите кои ќе ја дефинираат и нивната положба од можни злоупотреби поради нивните политички залагања и одлучувања во Парламентот после престанокот на мандатот за себе и за членовите на своите семејства и пошироко и за својот општествен, научен, професионален и како сакате дигнитет во понатамошниот живот што му преостанува, тогаш тие уставни постулати не ќе можат да се остварат или не ќе можат барем во таква мера да се остваруваат онака како што бара Уставот на РМ.

Јас немам правено анализа кои се други уставни одредби коренспондираат со едно такво решение во Законот кое, доколку биде актуелно прифатено од овој Парламент или евентуално предлагачот или во видоизменета форма да кажеме, ќе бара и нужни промени во други закони во Република Македонија и евентуално во други закони кои би се носеле во овој Парламент за нивна целосна статусна определба за остварување на овие уставни определби.

Сведувањето на маргинални прашања на професионализмот некој пратеник да се наоѓа на платниот список тука во Собранието или се наоѓа на некој друг платен список надвор од Собранието, сведување

VII/3.-

на маргинализација дека е тоа трошок за државата доколку едното се прави и дека е трошок на државата доколку другото се прави. Сведување на маргинализација дека професионализацијата значи голо присуство на седниците на Парламентот или незнам безброј други такви маргинални манифестации што беа кажани од оваа говорница значи суштинско и длабок непознавање на проблемот или евентуално замаглување на вкупната проблематика околу поимот на професионализацијата. Поимот на професионализацијата, спрема мене, е многу поширок поим, тоа значи сигурност и стабилност, значи дефинирање на вистинското место на Парламентот во РМ во политичкиот систем, всушност почеток на дефинирање на неговата положба со дополнителна разработка што кажав и во другите законски одредби инаку ако се остави на ваквото решение што јас мислам дека може во одредени моменти и сега како што е предложено да се остане, секогаш ќе виси "Дамокловиот меч" над овој Парламент за неговата функционална и уставна поставеност во целокупниот политички систем во РМ.

Лично сметам,ако овој состав на Парламентот не смогне снаги тоа прашање да го пресече во овој момент дека е многу блиско времето можеби во идниот состав на идниот Парламент, не до наредните избори, тоа прашање да се отвори и почне полека да се дефинира и се дефинира. Во тој случај мислам дека и политичките субјекти во РМ мислејќи на оние што ќе претендираат на сегашните есенски избори ќе поведат сметка околу тоа прашање затоа што тоа прашање е созреано и нужно самиот живот ќе го притисне и ќе го наметне. Мислам дека сегашната положба каква е на пратениците во Собранието и од тука произлегувањето на положбата на Собранието практично визави другите институции на политичката власт во РМ е одамна надминато и дека работата е сосема зрела. Прашање е кој сака тие факти и аргументи да ги увиди, а кој сака да ги види или да не ги увиди.

VII/4.-

Инаку во однос на регрутацијата на кадровскиот потенцијал за можни пратенички кандидати исто така го решава и прашањето на професионализација не во негативна смисла во која овде се истакнуваше дека ќе се стесни кадровската база и интерес за кандидати за парламентот во РМ. Напротив, ваквото решение со дополнителните законски решенија ќе ја прошири можноста за видни кадри да можат да конкурираат и високи професионалци од другите сфери да конкурираат за кандидатски места во овој Парламент од сите политички субјекти од РМ. Нормално, под услов доколку вакво решение овде биде усвоено и доколку тоа решени се операционализира и со другите законски форми. На пример, ако некој е избран сега на раководна функција во друга сфера и доколку биде избран за пратеник нормално мандатот ако не му е истечен после истекот на мандатот да може да му продолжи, целосно да го искористи тој капацитет од 4 години каде е директор и повторно да се врати во својата професионална сфера. Доколку е некој професор на Универзитет нормално да му мируваат правата и да нема пречка во напредување во научно-наставно звање со кое треба да се регулира со другите закони. Доколку е некој бизнисмен да продолжи и понатаму да може да ја врши својата функција да му мируваат обврските во дејноста каде бил избран итн. или врши одредена менаџерска функција. Тоа е широка лепеза на решенија кои светот ги познава, но кои треба да бидеме спремни да можеме да ги инкорпорираме во нашиот законодавен систем и да можеме да кажеме навистина да изградиме еден Парламент со вистински интегритет и положба каква што му е дадена со Уставот на РМ.

Јас би застанал тука, чувствував една потреба тоа да и ќе го поддржам овој амандман.

Благодарам.

VII/5.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мојата дискусија беше индиректно нападната од повеќе пратеници. Само да дообјаснам неколку работи.

Мислам дека не се работи за големи плати на директорите во институтите во кои работат, можеби се работи за директори кои се тука парламентарци за мизерни плати кои ги земаат, меѓутоа, зборувам од еден друг аспект јас жалам, искрено да ви кажам, жалам што не станав професионалец овие два мандата. Ако ги кажам причините зошто не сум професионалец тоа е сосема друга причина и жалам што се оптоварив на две работни места да извршувам работни задачи во работаната организација и во Парламентот. Оној што е професионалец сигурно во однос на мене бил многу покомотен и поодморен, ако може така да се каже и нормално сега дали извршувал повеќе работи и задачи во врска со пратеникот, тоа е сосема друго прашање. Меѓутоа, појдов од состојбата дека министерот Владата не го забранува професионалното однесување на пратеникот да бидам професионалец. Затоа жалам што не го искористив тој момент. Требаше да си бидам пратеник. Јас лично сметам дека на ниту еден пратеник кој чувствува да биде професионалец, да биде одговорен во самиот Парламент законодавецот уште од првиот ден му дава да биде професионалец и професионално да се однесува со оние привилегии што ги има како секој друг пратеник и не случајно професионалниот пратеник прима 100% плата, а не случајно дека јас од моите 13,5 илјади денари што ги примам како директор на еден Центар за социјални работи примам разлика од 30% до платата од 19.000 денари Тука е суштината. Лично сметам дека во овој момент

императивноста на амандманот што се нуди е понеквалитетна по однос на она што е решение во самиот закон, тука е поголема флексибилност. Во тој случај ние можеме да бидеме сите професионалци ако одлучиме со нашата изјава практично ти си во ситуација да бирач така што ако зборуваме за одговорноста, за привилегиите, за извршување на работните задачи мислам дека тоа е товар и одговорност на самиот пратеник. Во тој контекст тука разговарав и имав дилема, да ви кажам најискрено, помислив дека сепак ова решение е пофлексибилно ако се укаже прилика некој да биде пратеник во наредниот период еве му ја шансата уште на почетокот како и другите мои колеги што избраа се професионалци во овој Парламент. Така го гледав овој амандман инаку во суштина гледам одредени предности во самиот амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Стефановски.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре. Без разлика дали сакавме или не сакавме свесно или несвесно малтене го вулгаризиравме и сега некои се чувствуваме по-вредени како луѓе што овие четири години ја обавувавме оваа функција секој до своја страна. Сакам да кажам дека квалитетното извршување на работните задачи не зависат ни од самиот професионален однос на паушал или некој друг, туку начинот како се однесуваш кон работата. Едноставно некои работи во овој момент се сигурно исто предмет на транзиција во севкупниот живот во Република Македонија и оттаму си-гурно точно не можат и за ова што Наќе говореше сите тие работи сто-јат, меѓутоа, ние треба да измериме во овој момент како можеме да дојдеме до неквалитетни решенија. Апосолутно сигурно во овој момент не е најбитен финансискиот ефект. Ете говоревме и од она што значи

некакви просторни можности за секој пратеник да ја обавува фесионално. Меѓутоа, визави, кога ќе ги вратиме овие четири години овде некои луѓе беа во професионален однос потоа заминуваа на друго место или беа на паушал па потоа заради некои причини, веројатно објективни, доаѓаа како професионалци. Мислам дека тоа не зависеше од квалитетот на нивното однесување и поединечно.- Имаа најмалку 10 и повеќе такви примери. Од таа гледна точка мислам дека не треба во овој момент.

Второ, ако се гледа од некакви односи, партија дека ќе ја спречиме некаква квалитетна листа на една партија, на другата, незнам поединците се на таа страна кои имаат пошироко влијание на гласачкото тело, мислам со тоа не и мислиме добро на Македонија, ако така ги гледаме работите.

Мислам дека во овој момент е најквалитетно некои квалитетни луѓе би дошле без разлика на некакви материјални вредности, некои луѓе и бесплатно ќе дојдат тука само да ја фатат позицијата на пратеник. Во стариот систем јас се плашев бев за тоа луѓе доаѓаат кои не мора професионално да се бават и некаде 1989-1990 година бев предложен за претседател на Социјалистичкиот сојуз во таа партија изјавив гласно дека ќе бидам волонтер. Едноставно што во тој систем од 40 и неколку години се задушивме со професионалци во овие столици и секаде. Денеска да ги видиме буџетските институции - министерствата ќе видиме дека тие го трујат квалитетот на овие ние кои ги предлагаме и законски и подзаконски дела кои треба да најдат живот во практиката. Во овој момент можеби малку избрзано делуваме можеби под некој стрес на ново доаѓање на изборните закони и поаѓаме од некакви практични сознанија. Мислам дека ќе избрзаме ако тоа севкупно не се на- прави за да овозможиме едно такво влијание. Не е тука право дека ќе биде поевтино или поскапо. Мислам дека после 40 и кусур години треба таа

структура да се промени, да дојдат луѓе кои нема да го чувствуваат тоа дека се одредени и 50 години треба да се бават со политика. Треба да дојдат луѓе од пракса и оттаму овој систем дозволува една таква поширока лепеза на луѓе кои од сите структури ќе дојдат и ќе влијаат. Видете до каде апсурдот дојде, ете почитуваниот пратеник рече дека некој треба со милион марки, дека треба да изготви. Ние фактички ако така гледаме од таа гледна точка ќе дојде така, а што ќе биде стравично, трагично за РМ. Тоа е тој проблем на транзиција. Некој од тој аспект ќе ги гледа работите, можеби и така треба да се гледаат не можеме никој да кажеме дека секој од нас ги гледа право, меѓутоа, вие знаете ете ќе ви кажам од мојот сегмент за културата одлучуваа некои луѓе кои апсолутно немаа допир во праксата од културата Меѓутоа, дојдовме луѓе од праксата кои пак во политиката не можат да виреат и се да оди подмачкано и добро. Нема среќни решенија да се вади веднаш џокер од картите, па да се направи нешто што ќе биде идеално. Бидејќи овој закон сега не го ускратува правото сите да станеме професионалци. Можат и 120-те пратеници да бидат професионалци, тоа го кажа пратеникот Арсовски. Мислам дека премногу се исцрпивме на ова дело, се согласувам професионализмот не секогаш е детерминиран со тоа тој што зема плата. Видете, некогаш и она што го викаме ние аматери имаат висок професионализам, во многу нешта. Еве во мојата професија и во секоја друга па од таа гледна точка да не се ицрпиме многу и да се навредиме без разлика пред избори сме некои сме повеќе оптоварени некои помалку, јас сум порелаксиран и можам јавно да кажам дека нема да одам на такви избори бидејќи ги видов и овие односи можеби од другата страна сум човек кој е во таа пракса и мене повеќе тоа ме предизвикува. Меѓутоа убеден сум дека најмногу дадов од себе ете во таа моја професија да направиме еден исчекор напред. Не се штедев во

таа работа и немој сега да каже дека не сум бил професионалец, немав плата и се однесував непрофесионално кон работата и спрема моите луѓе што во мојата изборна единица гласаа за мене.

IX/1 ЛП/ЛБ

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:** (продолжени)

Оттаму, со краен респект кон секој , кога тоа го велам мислам дека уште еден период треба да изодиме за да можеме да дојдеме до вистински решенија. Можеби малку повеќе. Вистинските луѓе тешко доаѓаат на вистински места и тоа е квалитетот и мудроста на секоја партија која сака да има перспектива во еден подолг однос. До колку ги бира вистинските луѓе на овие места, тогаш ќе биде добро, без разлика како ќе биде, дали тоа ќе биде платено со вакви средства, дали тоа ќе биде професионално или ќе биде паушал или некој друг начин.

Тоа сакав да помогнам со мојата дискусија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Наќе Стојановски

Пред тоа реплика за г-динот Амди Барјам.

**АМДИ БАРЈАМ:**

Бидејќи бев спомнат да кажам нешто. Пред малку моето укажување беше вакво. Во Западна Европа и секаде во светот најголемите богаташи се кандидираат за претседатели, пратеници, министри и премиери и околу тоа беше моето укажување пред малку. Тогаш кажав, сега ќе ви кажам малку поопширно. Мојот предлог беше секој да депонира од 1 милион до 5 милиони марки, затоа што тој што ќе депонира од милион до 5 мили- они марки, тој нема да краде како сега што зборуваме, да прави злоупотреби, како што сакате да наведете, кон тоа одите цело време. Бидете јасни, зошто во завиткана форма. Треба да бидете јасни и гласни зошто го предлагате тоа. Значи, имало некои манипулации, меѓу вас знаете некои работи што се направени, како се направени кога бевте во еден сојуз, што сте направиле како сте направиле, вие го знаете тоа. Јас така предлагам чесни и поштени да бидете ако мислите да направиме добар парламент, за да ни верува овој

народ, овие граѓани да го дадат гласот за оние кои мислат дека ќе бидат чесни и поштени. Нека депонира по 5 милиони марки, затоа што можеби некој направи по 5 и по 10, нека депонираат и најнормално мислам дека граѓаните ќе имаат верба, ќе гласаат тие граѓани и ќе имаме добар парламент.

А јас лично како Барјам Амди дојдов во овој Парламент јас земам само 30% што морам да ги земам, тие одат на жиро сметка а кога излегов на кампања, јас во мојата кампања реков дека личен доход нема да земам од Собрание, дека моите средства ќе одат за децата што се без родители и таму да се насочат. Бидејќи мислиме дека така ќе биде многу подобро, дајте да го усогласиме така нека биде и нека дојдат вистинските луѓе овде да го водат Собранието, а бидејќи мислиме во Македонија да има демократија, секој има право да се кандидира и на некој начин да биде слобода.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Наќе Стојановски,

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Од дискусијата на колегата провејуваше една нишка дека ете сега јас зборувам од позиција на професионален пратеник, а тој зборува од позиција на непрофесионален пратеник. Значи, очигледно не сме се разбрале и тоа е една од тезите за вулгаризација на самиот поим професионализација. Јас лично сум длабоко убеден дека до ден денешен откако расправаме во парламентот, во овој Парламент нема професионални пратеници. А токму тоа што нема професионални пратеници, моето длабоко убедување го прави решението актуелно во Законот и ова решение што се предлага. Евентуално решение на дефинирање на професионализам во овој закон би го отворило процесот на градење на професионалната функција. Тој процес е далеку од нас и

до ден денес од овие120 и други 120, 240 пратеници, ниеден пратеник не бил професионален. Ако се тргнува од поранешното решение на системот дека некој бил на плата овде во Собранието, уште еднаш да повторам, а друг бил на друг платен список надвор од Собранието на РМ, ако тоа е критериумот за професионализација мислам дека е далеку непознаница на проблематиката околу професионализацијата на пратеничката функција. Само толку, да е се делиме на актуелни професионалци и актуелни непрофесионалци.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Коцевски бара збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Сакам да кажам дека г-динот Наќе Стојановски во неговото јавување изложи многу добри аргументи во врска со овој амандман, заслужуваат поддршка од овој Парламент, пред се затоа што централ-ната тема на расправа треба да се врти околу тоа колку квалитетно со ова решение Собранието односно пратениците ќе ја извршуваат својата уставна функција, а би навел само, според мене, првите два најважни а тоа е , донесување на закони и извршување на политичката контрола и надзор врз работата на Владата. Вака како што стојат работите Парламентот ќе биде оневозможен да врши квалитетна политичка контрола и надзор врз работата на Владата и нема да биде во состојба да донесува квалитетни закони односно ќе биде во позиција само да ги аминува предлозите и ќе доаѓаат од Владата.

Што се однесува до предлогот на г-динот Амди Бајрам , јас сеуште не верувам дека сериозно стои зад тоа што го зборуваше, затоа што тоа е максимално несериозен предлог. Јас би го поддржал неговиот предлог до колку седне и напише еден амандман со кој ќе побара седиштето на Парламентот да се пресели во Идризово, затоа што не верувам дека во Македонија има луѓе кои успеале за толку краток период да се збогатат односно да бидат во состојба да депонираат по 5 милиони марки на

чесен начин , што значи дека комплетниот состав на Парламентот треба своја функција да ја извршува во пижами или во работни униформи во Казнено поправниот дом "Идризово".

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

Пред тоа реплика за г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

(после некои дофрлувања од страна на пратениците во салата)

Касандра чувајте си ја за дома, Касандра кај мене не важи во Парламентот, само тоа да знаете. Касандра за вас чувајте си ја дома Гледајте таму телевизија Касандра, ова е Парламент овде.

Јас кажав вака. Бидејќи предлагаме да биде сериозен Парламент, да биде платен, да размислува добро овде, да бидат чесни и поштени, платени да бидат само од Парламентот тука, предложив една работа како што е на Запад и во Европа секаде. Бидејќи 5 милиони е малку, можеби и 6 милиони марки нека депонира со својот имот. Нека депонира со својот имот да видиме што има и како има, граѓаните да имаат верба спрема тие кои ќе бидат на листа за избирање за пратеници и министри што ќе ги бираме.

А за манипулација реков друга работа. Дали "Идризово" или кој што направил, ако има некоја валкана игра и недоверба, како што кажувате сега, платен-неплатен, ова, тоа, мислам самото време ќе си покаже. Ако има нешто излезете и кажете си ги работите што ги има.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас апелирам да се задржиме на расправа по амандманот. Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Бидејќи овој амандман предизвика една бурна дискусија , имам многу работи кои држат има многу работи кои воопшто недржат.

IX/5

Прво, мислам дека оваа работа е многу сериозна и мора сериозно забележиме на себеси на нашата сериозност во приодот кон ова п] кон овој амандман, зашто дали функцијата пратеник е многу примамлит и заради тоа треба да бидат платени, како што предлагаат предлагачите дали заради тоа или заради кворумот. Зашто ние овде знаеме, а јас сум овде веќе осма година, одлагаме многу седници, правиме многу трошоци луѓето доаѓаат од надвор, патуваат, дневните редови не можиме да ги завршиме. Веројатно тоа ги натерало луѓето да предложат да бидат платени луѓето овде, а не заради тоа што ќе земат многу пари.

Јас сум платен пратеник, јас примам плата овде во Собранието на РМ. И ако јас сум имал уште еден, од 1990 година овде , во фабриката "Комуна" моето место немаше да го напуштам. Не може момчето на мојата Касандра што помага дома, што сум го вработил во "Комуна" со 9.800 илјади денари, а мојот сооднос со него , бидејќи сум автор на таа систематизација и организација, да не зборувам што друго, 3,9:1 и тоа помножено со 116 што изнесува некаде 47 илјади и незнам колку, јас за 22 илјади и незнам колку овде и паушал 5 илјади, еве се збогатив, готово. Значи, не се парите во прашање, туку нешто друго она за што зборував вчера, односно денес, односно ќе зборувам по амандманот што го дадов на членот 94.

Според тоа, никакви пари не треба да се спомнат овде. Тоа е пример како не треба да се работи, како не треба да се зборува. Нас народот не следи , странски дипломатски мисии не следат овде, амбасади и тн. Ние мораме да мислиме што зборуваме овде , да си го сочуваме рејтингот на Парламентот,Ние се респектираме сите како луѓе, меѓутоа, мора да мислиме малку на РМ , на државата. Заради тоа овој амандман е многу интересен. Интересен е од други побуди, од други аспекти. Не за да вложи некои пари овде, не за тоа дали може или неможе

IX/6

Меѓутоа, има и други работи, човек сака да биде и пратеник, па макар и да не му дадат пари, без плата. Меѓутоа , со самото членство овде односно поставувањето на функција пратеник има нешто друго што одредени луѓе го користат и не таа плата, туку уште 20 плати ќе заработат, има начин. Во законот дупки се наоѓаат и така. Но да ги оставиме тие работи на страна. Сигурно ги натерало луѓево, јас ги оправдувам , само заради тоа што немаме кворум овде, затоа што не можеме законите да ги донесеме на време. Јас не гледам дека нешто друго ги натерало. Меѓутоа, сепак, почесно е и чест е на секого да биде пратеник. Тоа е голема чест избраник на народот да дојде овде, да има право на глас и да ги брани интересите на тие што го праќаат односно тие да ги вклопи во сеопштите интереси на државата РМ. Тоа е таа најголема работа што треба да ја извршиме овде. Ова не е демагогија. Ако од тоа појдеме, тогаш треба да бидеме и поредовни на седници. Меѓутоа, мораме да признаеме една вистина, колеги пратеници, тоа е голема вистина. Во РМ ние имаме, а се пратеници овде, доста наши добри и тоа големи стопанственици, многу умни луѓе што товарот на индустријата, на развојот го носат врз своите плеќи . Не се излезени од училиште, школарци па дојдени овде, туку од работни организации, односно од АД претпријатија. Тоа е голема задача, па наоѓаат време да дојдат и тука за одредени важни прашања. И не треба да им се смееме, не треба да им забележуваме да им скратиме од не знам што таму, да не доаѓаат или од личен доход или незнам што. Но тие имаат своја одговорност и таму каде што работат водат 300, 400, 500, 1000, 2000 души, а имаат исто така општествена одговорност овде кога се разгледува се она што се случува во државата, заради се она што е и внатрешна и надворешна состојба во Републиката. А тоа е знаејќи каде се наоѓаме и каде живееме и со што сме опкружени, мислам дека треба да бидеме многу свесни. Не да

гледаме низ прсти, туку ве молам тоа е многу сериозна работа. Неможам јас господинот директор на Стоматолошки клиники да го земам овде - нека ми прости Игнатие - плата тука да прими или незнам што таму. Тоа е институција таму. Ако некој влегол таму, а јас знам дека еден добар дел од вас влегол таму, тоа е голема работа. Тој е репрезент на Македонија од тој аспект, од тој профил на кадар и тн. Меѓутоа, тој господин Игнатие Богдановски овде користеше, кажува она што треба да го каже и треба да го слушаме. Тој не е ученик од вчера, па затоа на ова прашање да му дадеме поголема важност и да не ги тераме луѓето односно да бидат пратеници затоа што немаат работа, без работа се па ќе бидат пратеници, ќе гласаме - ќе лажат што ќе прават , ќе бидат овде и ќе ја водат државата. Ајде, мајката. Опростете што вака зборувам, но мислам дека е многу сериозно ова прашање.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, господине министре, дами и господа пратеници,

Два ипол часа дискутираме овде, на секого што ќе му текне и како мисли што мислел другиот пратеник. Ако вака продолжиме мислам дека на македонскиот граѓанин не му треба ни парламент ни пратеници.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор,го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазароски.

Го молам претставникот на Владата да се признесе?

Има збор министерот за правда Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Четири пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за додавање на член 6-а поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Горѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ.**

Овој амандман е потполно ист како и амандманот од ЛДП за професионализација на Парламентот. Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Прво, за волја на вистината, амандманот за професионално обавување на функцијата јас го поднесов на 29 април, а амандманот на либералните демократи е поднесе вчера, иако се работи за ист

амандман и затоа се вклучив во дискусијата. Пред да го повлечам , се разбира, после ова гласање, сепак ќе ми дозволите да кажам само две три работи што не беа спомнати, како една општа констатација во смисла на оваа расправа.

Во овој закон не ќе можеме да интервенираме четири години, затоа што со овој закон ќе бидат избрани пратениците и ќе мора тоа правило да се почитува четири години.- Кандидатите за пратеници ќе се пријавуваат со овој закон. Неможеме на еден поизменет состав на парламент да интервенираме за професионализација на функцијата, ќе биде спротивно на Уставот и законот. Значи , практично запечативме една работа за идни четири години.

Второ, законот што се подготвува во матична комисија ќе биде депласиран без професионализација на функцијата и тој закон исто така четири години нетреба да се подготвува и донесува.

Х/1.-НН/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Трета работа, беше збор за кадровска база. Напротив професионализацијата ќе ослободеше многу простор за едно кадровско освежување, обновување и практично деконцентрација на функции кои што се заземаат.

Четврта работа, беше поставено прашањето на материјалното обезбедување и товар. Дами и господо овој состав преку изгласување на Буџетот ги опреми сите министерства и дозволи некои од министерствата, подрачните министри и другите јавни установи да бидат еден огромен вентил за кадровски, партиски решенија, за нови вработувања и сл.

Крајно она што многумина го споменаа дека има платени и неплатени пратеници. Дами и господо сите пратеници се платени затоа што и тие што добиваат личен доход во матичните организации таму не им се одбива личен доход кога доаѓаат овде. Според тоа сите ние сме товар на овие граѓани и на ова друштво. Заблуда е ако мислиме дека е некоја заштеда.

Се разбира амандманот го повлекувам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

X/2.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници гласа за).

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

Кенан Хасипи, предлагач на амандманот.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

После маратонската расправа околу професионалноста на пратеничката функција само со неколку реченици да го образложам амандманот.

Иако навидум изгледа дека амандманот нема значење, има значење затоа што задира на релацијата права и обврски и релацијата привилегии и должности што ги имаме, како и одговорност.

Овој член зборува ако дословно се чита за посебна категорија на граѓани со специфична положба во системот. Тоа се припадници на вооружените сили на Македонија кои имаат функција да го штитат територијалниот интегритет и суверенитет на земјата која што по себе повлекува апсолутна деполитизација.

Втора категорија тоа се униформиран дел на полицијата и не за сите, туку за овластените лица во овие служби кои исто така имаат висока специфика и се високопрофесионализирани.

Х/3.-

Што е целта на амандманот. Целта на амандманот е не да им го скрати правото да се кандидираат за пратеници, тоа право дефакто им е и уставно загарантирано, санкционирано со член 23 од Уставот, туку заради високата специфичност на професијата што ја обавуваат да се сноси ризикот со самото кандидирање да им престане функцијата од две причини.

Прво, од причина што можно е во праксата индиректно од таа позиција да имаат влијание врз изборните резултати.

Второ, заради тоа што ваков високо профилиран кадар тешко се стекнува, да им се оневозможи без ваков висок ризик да се одлеваат во политиката заради апсолутната деполитизација на тие служби.

Од тие причини излегов на говорница да го образложам амандманот и ве повикувам да го поддржите.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот е повлечен.

X/ 4.-

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман пратеникот предлага пратениците да немаат право за време на мандатот да ја променат својата политичка припадност и во спротивно обавезно да поднесат оставка или Мандатно-имунитетната комисија им го одземе мандатот.

Овој амандман Владата не го прифаќа, меѓутоа веднаш да кажам дека ќе прифатиме еден друг амандман даден на член 99, а кој што се однесува на сличната тема, меѓутоа тој говори за тоа ако пратени- кот избран на пропорционалната листа ја промени политичката партија тогаш ќе му биде одземен мандатот.

**ВЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, почитуван министре, јас се согласувам со објаснувањето на господинот министер за втората работа, заради тоа што листа е во прашање, меѓутоа од праксата гледаме што се случи овде во Парламентот овие шест-седум години. Го избира едно избирачко тело, една партија, добива гласови, овде станува и вели јас од утре сум во СДСМ, или јас од утре сум независен пратеник. Сега има една работа која што вреди да се каже овде. На пример при првото гласање 1990 година, па и второто 1994 година противкандидат ми беше член од СДСМ, ама ние бевме заедно Шуто Оризари и населбата Во Радишани

после кандидатот Ром, без да го знаат, без да го познаваат добил некаде 350, 360 гласови. Откако се разбра со СДСМ што е работата и една објава, ние го поддржуваме Фаик Абди и таму не добива ништо, добива 20-30 гласови. Значи не го ни познаваат, Фаик Абди ги добива гласовите, значи СДСМ, ПЦЕР, а и ма некаде каде што човекот е важен, за него ги даваат гласовите. И ова што кажува министерот многу е важен носителот на листата, афторитет, исправен, тој ќе ги прибере гласовите. Ако таму стои уште 35 доби и тн. и тн., затоа предлагам и тој кандидат кој што е на мнозински систем избран, тоа; ми беше и целта на амандманот заради тоа што мислев дека имам право бидејќи овде се случуваат некои работи за кои не сакам да зборувам, да не кажам нешто што би навредило некого. Ја сум поминал од таа партија, не сум добил ништо. Пред месец дена тоа се случи. Тоа е срамота, јас во СДСМ ќе идам заради тоа што треба да ми даде, незнам што ќе ми обезбеди СДСМ. Или пак другите кои ќе бидат појаки ќе ми обезбедат, другите нема да ми обезбедат. Заради тоа штом сака да помине во друга партија да си даде оставка, односно да му престане мандатот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници гласа за).

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

X/6.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман се однесува на бројот на членовите на Државната изборна комисија и не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници гласаа за).

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

(Реагирање на пратениците дека нема доволен број присутни пратеници во салата).

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број пратеници, објавувам пауза до 16 часот.

Молам, гласањето не е валидно.

(Пауза од 15,40 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,40 часот).

Со седницата продолжи да раководи г-дин Блаже Филиповски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПВОСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Го ставам на гласање амандманот на став 12 став 1.

Ве молам кој е за,нека крене рака ? (11 пратеници)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот е составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4 и член 14 став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот е составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1,2 и 3 поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Владимир Станковки, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување став 1 и 2 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Збор бара г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господо,

Јас би сакал да го образложам нашиот амандман што се однесува на член 16 став 2.

Сакам да го прочитам амандманот:

"Претседателот и два члена на Изборна комисија, како и нивните заменици се именуваат од редот на истакнати и правни стручњаци кои уживаат углед во вршење на својата професија.

Во изборните комшии не можат да членуваат судии на основните судови, на апелационите судови и Врховниот суд на РМ".

Господа пратеници, прво мое бранење на овој амандман е тоа што Уставот на РМ, комплетно овој член на Предлогот на законот што се нуди е во спротивност со Уставот на РМ, односно со членот 100, кој гласи:

"Судиската функција е неспоива со вршење на друга јавна функција и професија".

Ако добро го толкувам членот 100 и ако добро го разбирам, тоа значи дека јавна функција секако е судиите да бидат претседатели на изборните комисии при вршењето на изборниот систем. Од тој аспект,

доколку донесеме еден таков закон, и ги вовлекуваме судиите во изборната постапка и во организацијата на изборниот систем, сметам дека го кружиме Уставот.

Јас лично во генералната дебата се заложив судиите воопшто да не се вовлекуваат, судиите од РМ кои се избрани од овој Парламент да не се вовлекуваат во изборниот систем и да бидат надвор од него.

Едното од образложенијата беше дека нашето судство скоро што е сега избрано и тоа фактички не е сеуште заздравено од бившиот систем каде што судиите најдиректно и да кажат беа инволвирани со власта. Со ова не овозможуваме судиите и судството да остане независно Да им дадеме временски простор да бидат независни. Можеби во некое друго време можеме да ги користиме за изборите, меѓутоа сега пак ќе ги вовлечеме во системот и неоправдано ќе ги ставиме во функција на некого или некоја партија. Од тој аспект се борам судиите да бидат вовлечени во изборниот процес.

На една од емисиите на МТВ имаше некоја дебатна емисија а ова го спомнувам затоа што е значајно бидејќи претставниците на судската власт имаа дебатна емисија на која беше истакнато дека судството е затрупано со предмети. Дека многу предмети се решаваат, но голем број од предметите остануваат нерешени.

Фактички имаме судство што има огромен дел од задача да ги врши своите професионални обврски, за што е назначено и е професионално определено и платено, а од друга страна сакаме да ги инволвираме во некој процес што сигурно ќе потрае два или повеќе месеци. Значи, со тоа, фактички делуваме, го онеспособуваме судство-то за тој период да се зголеми бројот на решените дела, а воедно и тој баласт што го имаат од минатото да се зголеми.

XI /5.-

Заложбата е, како што знаете, да се вклучат млади стручни кадри, дипломирани на Правниот факултет, кои ги познаваат законите, се докажале или адвокати кои се докажале во својата практика да бидат вклучени во изборниот систем и да придонесат изборите да протечат во регуларна и законска рамка.

Тоа е моето образложение и мислам дека овие, знаејќи со какви проблеми се соочува судството, а сите на некој начин се залагавме судството да биде една независна власт, една од властите од оваа држава, според Уставот да не дозволиме да биде вовлечено во било кој партиски води.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПВОСКИ:**

Има збор министерот Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Би сакал да го образложам одбивањето.

Прво, сметам дека не е во спротивност со Уставот да бидат судии членови како што се избирачките комисии, затоа што до последните избори судиите беа членови на изборните комисии и никој тоа до сега не го оспорил ниту пред Уставниот суд, ниту го прогласил за противуставно. Да не зборувам за праксата во многу земји во светот. На пример во една Полска, која ваши за многу демократска земја во чија што Државна комшија се наоѓаат тројца судии на Уставниот суд, тројца на Врховниот и тројца судии на Апелационите судии. Тоа значи имаат 9 судии во ДИК. Во многу други земји судиите се членови на ДИК.

Второ, дали се навистина независни или сеуште ја боледуваат болката од бившиот систем, па не можеа да бидат сосема независни.

А, ако зборуваме за болка од бившиот систем, тогаш ќе најдеме болка кај многумина кај нас и кај многумина членови на различни партии за подготвеноста и нивната независност да ги бранат интересите на начин на кој што тоа го прават преку сопствената политичка партија. Според тоа, не е никаков аргумент за нивно изземање или дискредитирање во однос на способноста да бидат независни.

Ако пак се шири тезата дека нив ги избрало парламентарното мнозинство и заради тоа што мора вечно да се сомнева во нивната независност, тогаш одиме кон претпоставката дека се што направило парламентарното мнозинство во претходниот период ќе мора да подлежи на преиспитување заради тоа што, всушност ќе оди на некој повторен преизбор. Тоа значи целосна нестабилност во Државата.

Последниот аргумент што мислам дека исто така не стои, се работи дека ако имаме ангажирано тројца врховни судии во Државната комисија, дека во тој период работата на судовите ќе стои. Мислам дека е тоа сосема неосновано заради целата таа работа Владата на РМ водеше сметка, затоа и реков дека излеговме во пресрет на барањата на позицијата, бројот на судиите во изборните органи го сведеме на минимум, колку што е можно, до една страна, затоа што сметаме дека е тоа сепак најсигурната брана за да можат да се спречат еден вид на политички конфронтации во органите составени исклучително од претставници на политичките партии. Кај ДИК има само тројца судии од 9 членови вкупно, а кај изборните комисии во општините само еден судија од 5 членови. Четири се од политичките партии. Кај избирачките одбори нема ниту еден судија од вкупно 5 членови.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика за г-динот Станковски.

XI /7.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

За разлика од претходното објаснување кога зборувавме за измена на претходниот член 5, тогаш г-динот минситер практицираше и ги посочуваше САД како пример и Голема Британија. Сега, кога одговара да посочи некои земји во транзиција од Источноевропските земји каде има скоро исти систем со некои разлики, ја препорачува Полска како пример каде судиите треба да се... Јас ќе бев посреќен ако пак кажеше, а тоа би требало да го аргументира подлабоко дека и во Велика Британија и во САД е исто таа практика.

Второ, никогаш не сум сакал да ги дискредитирам или омаловажам и тоа никогаш нема да го направам. Во Македонија судиите ги сметам за многу професионални, ја обавуваат својата должност и мојата порака не е да ги дискредитрам. Мојата порака е оставете ги судиите на страна, не ги мешајте со партиите и со изборите.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Амандманот пред се има за цел, како што реков и во главната дискусија да направи јасна дистинкција или да оневозможи судството воопшто да се инволвира во еден процес на гласање или во процесот на изборниот систем.

XI /8.-

Ова што сега го зборуваме како пример и што било во Светот, точно дека во земјите во транзиција постои ваква инволвирансот на судиите, меѓутоа тоа е еден рецидив или остаток од тој систем што го имале претходно и по некоја инерција тие судови или судии се вклучени во тој изборен систем. Во сите земји на демократија, каде владее демократија, каде постои право и правна држава, судството не е инволвирано во изборните системи.

Сега се избираат посебни судови исклучиво наменети за изборниот систем или во фака за изборите, решаваат по жалби и приговори во текот на изборите. Во тие посебно избрани судови членуваат истакнати правници кои не се инволвирани во судството. Значи апсолутно не се по професија судии.

Нашево искуство што покажува? Во 1994 година и во 1996 година па и пред тоа 1992 година покажува дека голем број на тие судии кои се по службена должност назначени претседатели на комисии, изборни комисии, па и во ДИК, самите кога се разговара со нив покажуваат незадоволство од тоа што се вклучени во тој систем. Едноставно, тежината на задачата како судии со своја функција, своја јавна функција им дава за право самите да не се чувствуваат задоволни при остварување на таква функција.

Само да кажам дека не случајно на Уставот член 100, став 3 таа функција, јавна функција на судии не е врзана со друга јавна функција.

Тоа што досега никој тоа не го оспорил на Уставен суд, не мора да значи дека нема да се најде некој па да го оспори тоа. Тој член во кој што јасно и децидно вели дека не е споивост на таа функција со друга јавна функција, дека утре нема да ја оспори.

Мислам дека не треба да се држиме до некакви правила што сме ги прекршиле претходно, а повторно ги кршиме во иднина.

Сметам дека и тоа што е редуциран бројот на судии од 256 веројатно сега помалку, бидејќи се намали бројот на судиите, како што спомна и министерот, во принцип сметам дека градиме некој демократски систем, демократска држава со фер игри на избори, значи фер , рамнорправни правила на игра треба судиите апсолутно да ги отстраниме до процесот на гласањето и воопшто процесот на изборите.

Сметам дека оваа држава има толку правници, толку признати правници кои можат тој товар да го издржат, можат таа задача и функција да ја обават многу објективно и сметам дека треба, не да сме земја во транзиција, да прифатиме она што владее во земјите на демократијата, односно кои веќе ја поминале оваа фаза на транзиција.

Затоа сметам дека овој амандман треба да се прифати.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас немам намера да реплицирам по секој пратеник во врска со овој амандман, меѓутоа само ќе кажам едно, претходниот амандман на ЛДП што го одбивме предлагаше во ДИК да има 5 судии. Како одеднаш со следниот амандман во кој што се предлага да нема судии дојдовте до ново сознание и до ново образложение во врска со овој амандман.

Ве молам, Вашиот амандман на член 13 предложен од вашата група пратеници што пред малку го одбивме предлагаше пет судии во Врховниот суд.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Како надополна на аргументите што моите колеги ги истакнаа по овој амандман се и размислувањата и опсервациите на самите судии што ги истакнаа во повеќето јавни дебати и трибини што беа организирани баш по повод на овој Закон каде и самите судии едноставно иницира од оваа функција да бидат на одреден начин отстранети, бидејќи навистина очигледно дека, поради пренатрупеноста на работата што ја обавуваат во редовното вработување, плус оптоварувањето што не можат во овој момент да го совладат. Така што и тоа е еден од аргументите, ако не се доволно овие аргументи што опозиционата партија ги кажува. Би било добро да ги слушнете, да имате дослух и со самите судии, навистина да се ислуша малку нивната желба како аргумент да се усвои и оваа.

Ако не се усвои оваа, кажува дека можеби ќе треба да се изврши корекција на бројот на судиите во основните и понатамошните стадиуми на судови, што секако кажува дека ќе треба одредена корекција на оваа проблематика во оваа област да се изврши. Така што оставам на вас да се одлучите дали ќе го прифатите или не. Но, ако не го прифатите, тогаш неопходно ќе биде да се изврши корекција на бројот на судиите во основните и апелационите судови.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски.

XI/11.-

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Само да спомнам дека алтернативата што е дадена на членот 13 е алтернативно дадена од аспект што во тие претходни разговори, преговори околу амандманите имавме чувство дека немаше овој амандман да се прифати. Меѓутоа, во принцип стоиме и понатаму во тоа становиште дека судиите не треба да бидат инволвирани во изборниот систем. Велам, тоа е и нивна желба и желба, би рекол на поширок круг на јавноста и држиме до овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин министер Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас само молам да не се манипулира со желбата на судиите, затоа што јас, пред да го донесеме Законот во фаза на предлог исто така имавме разговори со огромен број на судии и до Врховниот и од другите судови. Сите со кои јас разговарав на сосема официјално ниво ни рекоа дека досегашната пракса се покажала како добра и дека тие немаат ништо против да бидат во Државната и другите изборни комисии. Според тоа, очигледно сме разговарале со различни судии.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Симјановски, процедурално.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Во надеж дека дел од образложението на г-динот министер се однесуваше на мојата дискусија каде ја потенцирав, ги потенцирав опсервациите на одреден број судии, треба да се прави дистинкција помеѓу опсервации и желби. Едно е размислување за пристапот на решавање на проблемот, а другото е желба.

XII/ПЈ/ЦТ

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Вие си употребивте термин желба, тоа е нешто сосема различно и не би било добро на тој начин да се компарира. А, нормално, не треба да се заборави и да се предочи финансискиот ефект, кој самите судии го добиваат како надокнада за обавување на оваа функција. Така, можеби тој аргумент за она што Вие од Вашата страна го имате, а и не би било добро сега таа односно тоа трето независно судство, мислам на таа трета власт независното судство да го поделуваме наши и ваши судии. Сепак, сите тука ги избиравме.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Сепак, ова не беше процедурално, и јас се извинувам.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Мислам не е целисходно Вие да цените дали е процедурално или не е.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Па незнам кој друг ќе цени, јас ценам дека не е процедурално и сега Ве молам напуштете ја говорницата. Кој друг ќе цени. За збор се јави г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван г-дине министре, јас само сакам да дадам едно појаснување во врска со

ова што го кажа министерот. Ние во начелната расправа, во општиот претрес кажавме дека сме спремни за компромисни решенија и оттаму имаме и алтернативни амандмани. И тоа е појаснување, бидејќи некои се прашуваа зошто е еден амандман ваков, а за истиот член има и друго решение. Тоа е само од тие причини, бидејќи рековме дека одредени решенија ги нудиме во повеќе алтернативи. Затоа, доколку се јави некој таков амандман од пратеничка група за иста одредба со две или три решенија, тоа е што се нуди во алтернативи. Должен сум уште да кажам дека во претходниот амандман, кој беше спомнат од министерот Спасов, по што не го прифати и кога видовме дека не го прифати, не го ставивме на гласање и го повлековме.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Сметам дека амандманот не треба да се прифати од следните причини. Мислам кога ги биравме судиите, ги биравме како луѓе најстручни за вршење на својата дејност односно за својата работа. Сега, како членови на Комисијата предлагаме да бидат судии, не затоа што се судии, туку затоа што сметаме дека се најстручни луѓе кои можат да си ја завршат таа работа. Мислам дека со ова судиите не се инволвираат во политиката, бидејќи судиите не ги вклучувам ниту во кампања, ниту во нешто друго, туку се вклучени само во оној дел на работата каде што треба најправично да си ја завршат својата работа односно за да не дојде до одредени неправилности во целата таа процедура. Затоа, сметам дека не треба да се поддржи овој амандман.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас се извинувам што вака повторно се јавувам на говорница, малку ме иритира дискусијата на мојот колега, почитуван колега. Морам да кажам дека при решавање на тие жалби и приговори во текот на изборите, па и после изборите, Врховниот суд и сите судски инстанци кои се инволвирани во изборниот систем, ќе решаваат во една ситуација во една политичка тензија и политички набој. Тоа е прва работа.

Втора работа што при тие процеси на судење нема да бидат запазени десетте основни начела на судењето во судството. Тие десет начела не ги набројувам, не ги набројувам кои се, меѓутоа, основно е што во таквата фаза на итно, брзо решавање, тие судови не ќе бидат спремни во едни нормални услови да ги решаваат жалбите, приговорите и сите други, да кажам, предмети кои ќе бидат на расправа во текот на изборите и после изборите. Затоа, сметам дека посебна судска инстанца, избран суд од правници признати кои не се по звајне судии, ќе можат со многу поголемо чувство, со помала тензија и набој политички со повеќе сенс за решавање на тие проблеми, да ги решаваат сите приговори во државата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бар збор?

За збор се јави г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас уште еднаш многу кратко, ние овде тие судии во Собранието на некој начин го потврдивме изборот кој го направи Комисијата, Судскиот совет. Меѓутоа, дали значи, а тие судии што ние ги избравме се директно подкомпетенции на господинот министер за правда. Каде е односот, сега малку да погледаме, кога треба г-динот министер, а веројатно тоа е во неговиот ресор, да врши прераспоредување и какви и да било реорганизации во судството односно реорганизирање, преместување од едно место на друго. Што тоа значи? Има врска, г-дине министре, ќе Ви кажам, ако Вие не сте задоволен од тој и тој судија што не си ја завршил добро задачата на изборното место, Вие можете и имате право да го преместите и тоа е Ваше право. И Вие можите да го користите тоа право. Со тоа го ставате во подредена положба.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на ставовите 1, 2 и 3 поднесен од група пратеници од Социјал-демократскиот сојуз.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој е амандман со кој, всушност, се излегува во пресрет на барањата од опозицијата и кој гласи дека "Претседателот и два члена на Државната изборна комисија и неговите заменици се именуваат од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија. Три члена на Државната изборна комисија и нивни заменици предлагаат политичките партии во опозиција, кои на последните избори освоиле најмногу гласови и три члена на Државната изборна комисија и нивните заменици предлагаат политичките партии, кои се на власт".

Амандманот се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа, амандманот е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 и 3 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

XII/6

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 1 поднесен од пратениците, Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 14 ставот 1 и 3 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот министер Спасов.

XII/7

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 15, став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиовски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 15, став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски, Александар Јакимовски.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ,**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 2 поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков, и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда г-дин Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Овој амандман значи зголемувањето на бројот на претставниците на политичките партии односно на опозицијата и бројот 2 се заменува со бројот 3. Оттаму, бидејќи сметаме опозицијата треба да има поголема застапеност во изборните комисии, го предлагаме овој амандман, кој се разликува од оној амандман кој што, веројатно, ќе биде прифатен од група пратеници од СДС, каде што стои дека се намалува бројот на членовите на Комисијата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас би сакал принципиелно да расчистиме некои работи. Пред малку г- динот министер рече, а се прифаќа желбата на опозицијата и прифати амандман на опозицијата. Очигледно ги побрка работите. Ако сака да се прифати желбата на опозицијата во принцип треба да ги прифаќа амандманите на опозицијата како овој и како други, а не да ги прифаќа амандманите на позицијата. Ако ги прифаќа амандманите на позицијата, да каже тогаш ги прифаќа амандманите на позицијата, односно сме се договориле така да биде законот. Би замолил, ако навистина мисли да ги прифати нашите видувања, да разговараме по овој амандман и да го прифати овој амандман, а не следниот кој доаѓа од страната на позицијата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака.

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 2 и на став 3 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Гештаковски, Ристевски, Малинска, Белчевски, Георгиев, Беличев, Данев, Михајловски и Јакимовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на Предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 и 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Перо Талимџиовски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

XII/11

Отворам претрес по амандманот на член 17, став 1 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предлогот на законот. Отворам претрес по амандманот на член 17, став 1. Г-динот Станковски бара збор процедурално.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, јас немам намера да Ве увредам, меѓутоа, прво би побарал да се провери бројот на присутните пратеници.

Второ, Вие така брзо одите преку текстот, читањето на текстот, што ова ме потсетува на американска лицитација. Навистина, Ве молам дајте ни време, затоа што не можеме да ги следиме работите.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17, став 2 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Ова е член 17, став 2 од кои што се бара 24 часа да се замени со 48 часа.

Амандманот не се прифаќа

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Молам, да се утврди точниот број пратеници во салата.

60 пратеници се присутни во салата.

Не е валидно гласањето и тоа ќе го повториме.

Го ставам повторно на гласање амандманот на член 17, став 2.

Кој е за, молам, да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Процедурално бара збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине потпретседателе, во вашето брзање, како што кажаа во американски стил лицитација, не видовте или не сакавте да видите дека барав збор да зборувам по овој амандман. Го дадовте на гласање, заминавте и г- динот секретар Ве предупреди, а Вие си продолживте, но тоа е во стилот на Вашата работа и очигледно така ќе тераме или каков Ви е планот, не знам.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на став 1 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ и Илија Каров и од пратениците Мерсел Билали, Исмет Рамадани, Сејфедин Харуни, Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за менување на ставовите 1 и 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев,

Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на Предлогот на законот. Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2 и за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Перо Талимџиовски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман кој што вели дека избирачкиот одбор се формира за секое избирачко место и зборот два што беше предлог е на ЛДП, односно на групата пратеници, да биде четворица.

Овој амандман се прифаќа, меѓутоа не се прифаќа ставот 3.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Мислам ова што се прифати едниот став, односно бројот 2 со бројот 4 се зголемува, што значи дека позицијата и опозицијата во избирачките одбори ќе дадат по два, што значи наместо 3 членови избирачкиот одбор ќе има 5 и тоа е во согласност со нашите барања. Тоа е во ред и стана составен дел на законот.

Сметам дека треба да се гласа само по овој вториот дел, кој што не го прифати министерот односно кој се однесува за на претседателите на избирачките одбори, бидејќи сметаме дека половина од претседателите на избирачките одбори треба да бидат од позиција, половина од опозиција односно од другите партии, затоа што во принцип имаме нејасни критериуми како се одредуваат, односно како се бираат и предлагаат овие претседатели на избирачки одбори. А, во законот, погледајте, тие имаат мошне важна улога. Имено, претседателот на избирачкиот одбор го прогласува лицето дали е валидно или невалидно.

Од тие причини, освен ова што е веќе прифатено, предлагаме да се гласа за вториот дел од амандманот кој не е прифатен, а кој се однесува на претседателите на избирачки одбори согласно со Деловникот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по вториот дел од амандманот кој не беше прифатен.

Вториот дел од амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека вториот дел на амандманот за додавање нов став 4, Собранието не го усвои.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на став 3, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

Во врска со претходното образложение сакам да нагласам дека Владата го прифаќа амандманот од ЛДП, кој што доаѓа подоцна, каде што за неважечките ливчиња не одлучува претседателот, туку целиот избирачки одбор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот е составен дел на законот.

XIII/2

Отварам претрес по амандманот на член 20 став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковкси, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

Овој амандман дообјаснува дека членовите од опозицијата ќе ги предлагаат политичките партии кои на последните избори освоиле најмалку 5% од гласовите на избирачките места.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот е составен дел на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 20 став 2 и 3 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 22 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Владимир Станковски, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров,.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Целта на амандманот е во членот 22 односно членот 22 се брише од едноставна причина што текстот на членот 22 е следниот: "Претседателот и членовите на избирачките одбори и нивните заменици може да бидат само лица кои имаат избирачко право и се со постојано живеалиште на подрачјата на изборната единица".

Јас не знам дали може технички да се овозможи, да се најде судија, бидејќи веќе усвоивме дека претседателот ќе биде судија, заправо избирачките одбори, да можат таквите членови, претседателот и тројцата членови на избирачкиот одбор да бидат и нивните заменици. Значи тоа се група на луѓе кои мораат во овој случај да живеат во една избирачка единица. Јас не знам дали тоа може технички да се реализира. Веројатно се размислувало за тоа. Меѓутоа навистина е тешко да се најдат такви лица, посебно во општини каде што ние немаме такви квалификувани лица кои може да ги извршуваат овие функции.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Кога зборуваме за делегирање на претставници на партиите или на заинтересирани субјекти во делот на избирачките одбори, јас само накратко би се навратил на она што досега го усвоивме во делот на Законот, како амандмани на позицијата, кои министерот ги прифати. Членови на изборни комисии и нивни заменици може да бидат само лица кои имаат избирачко право. Тоа е прифатено. Значи за членовите на избирачките комисии воопшто не е потребен консензусот или барањето да бидат жители на изборната единица. Наеднаш сега за членовите на избирачките одбори тоа е потребно.

Сега да Ве потсетам нешто. Во член 22 кој сега ние го успоруваме и сакаме да го симнеме од списокот на членови, во Законот се бара тие членови да бидат со избирачко право од таа изборна единица. Ние бараме да бидат исто ослободени. Значи да бидат исти услови како за членовите на изборната комисија, така и за членовите на избирачките одбори.

Иако очекувам, претпоставувам дека мнозинството во Парламентот нема да го прифати овој амандман, јас морам да го потсетам господинот министер дека претходно во член 19 став 2 прифати измени и нов став 3 во кој ова истото се третира. На некој начин

министерот направи дуализам во Законот со прифаќање амблок некој закон од позицијата. Би замолил да го проверат тоа и да се видат до каде се стигнати со нивното брзо одлучување.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Постои мала разлика помеѓу членовите на изборните комисии кои што вкупно во Републиката ги има 85 и за кои политичките партии предлагаат свои претставници. За нив ние не ги врзуваме со местото на живеење затоа што тоа се луѓе кои ќе работат во изборните комисии, мора да бидат добри правници, да имаат познавање и да учествуваат во работата на комисиите. Друга е разликата со избирачките одбори. Избирачките одбори за формираат за оние 40 просечно избирачки места каде луѓето ќе ги бројат гласовите кои ќе седат на кутиите за да ги препознаваат граѓаните кои доаѓаат. Оттука сметавме дека е добро членовите на избирачките одбори да бидат со место на живеење и тоа не на избирачкото место, туку во изборната единица за која тие се формираат. Тоа значи, бидејќи една изборна единица ја претставуваат неколку општини, за тие 40 места да обезбедиме граѓани од таа изборна единица, а не да им носиме луѓе од некоја друга изборна единица која реално нема да ги препознава граѓаните на избирачкото место. Мислам дека тоа е во интерес на сите политички партии во Републиката, дури и во интерес на ЛДП. Нема дуализам тука.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Сметам дека едно вакво образложение, можеби, држеше во претходните избори, кога немавме избирачки легитимации. Ако одиме на систем на препознавање, овој случај не е неопходен бидејќи постојат избирачки легитимации. Со тие избирачки легитимации, секако ќе се

идентификува гласачот, дека практично тоа е лицето кое треба да гласа и сметам дека е непотребно. Јас тоа го кажав чисто од технички аспект, бидејќи тешко, добро, има општини каде што може да се најдат такви лица, меѓутоа има општини каде тоа технички ќе биде тешко изводливо. Затоа сметам дека треба да се промени ова.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Би замолил уште еднаш да се обрне внимание на член 12 каде се вели дека по став 2 се додава нов став 3. Тоа веќе е прифатено господине министре. Претседателот на избирачкиот одбор и негов заменик ги именува претседателот на изборната комисија од редот на граѓаните, со живеалиште во избирачкото место. Така стои во тоа што го прифати господинот министер.

Во член 22 стои - претседателот и членовите на избирачките одбори и нивните заменици може да бидат само лица кои имаат избирачко право и се со постојано живеалиште во подрачјето на изборната единица. Дали ќе бидат од изборната единица, или ќе бидат од изборното место. Ве молам немојте да правите вакви колизии во законот. Размислете малку. Се работи за избирачки закон, закон кој треба сите ние заедно да го донесеме.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Избирачкото место се наоѓа во изборната единица и нема никаков дуализам. Ова навистина само ја олеснува работата. Јас верувам дека, можеби некои политички партии ќе имаат проблем да најдат во секое избирачко место тројца луѓе што ќе стојат кај кутиите. Меѓутоа, верувајте ми, заради тоа што тие имаат таков вид на тешкотија не можеме да го менуваме законот. Нема тоа да биде најголемиот проблем и не е тоа

нешто што може навистина да ја промени процедурата на изборите, или да создаде потешкотија за изведување на изборите онака како што сакаме.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас се извинувам што морам повторно да излезам на говорница, но жалам што ни се поткраднува, или ни се поттура на сите нас, во усвојување на текстот на Предлог законот самите да внесеме колизија. Не може да биде исто избирачко место со изборна единица. Една изборна единица има 30 - 40 избирачки места. Така да мора да кажеме, ќе биде од избирачкото место, или од граѓаните од изборната единица. Тоа јасно и децидно е кажано во законот. Немојте вакви играчки да правиме затоа што утре, задутре ќе си имаме проблеми. Ние скоро имавме интерпелација за претседател на Државна изборна комисија заради вакви недоречености во законот. Така да би замолил тоа точно да се прецизира, ќе биде избирачко место или изборна единица. Кажете како мислите да го направиме. Да биде, да нема никакво ограничување. Нашиот предлог е тој. Ве молам размислете. Ние имаме конкретен предлог, а вие ако имате конкретно размислување кажете го.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на 22

XIII/8

Отворам претрес по амандманот на член 24 за менување на став 1, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи веќе е регулирано со истиот член.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1, за бришење на точка 1 и на точка 11 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковкси, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман се прифаќа бидејќи е поврзан со амандманот од ЛДП кој предлага бришење на членот 33 во целост кој што го елиминира претходното пријавување на пратениците.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 за менување на точка 2, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар

Гештаковкси, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа, бидејќи со тоа практично се брише евидентирањето на Државната изборна комисија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 33 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски и од пратениците Кире Видимче и Илија Каров и од пратеникот Томислав Стојановски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој член беше предвидено претходното пријавување на политичките партии и евидентирани од страна на Државната изборна комисија. Бидејќи во дискусијата беа изнесени аргументи дека тоа е непотребно да стои во законот, Владата го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2, поднесен од пратениците Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Бидејќи со претходниот амандман, министерот прифати, тој член не постои и не може да се даваат амандмани, така да тој амандман нема смисла и го повлекуваме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 за бришење на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимуиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман е на член од законит со кој се регулира колку потписи се потребни за да биде кандидиран независен пратеник, или пак да биде на група на избирачи, да кандидираат независна национална листа. Основното решение е дека за тоа се доволни 200 потписи за

независен кандидат и за национална листа 1000 потписи. Ние поаѓавме од тоа дека за независен кандидат во изборната единица доволно би биле отприлика околу 1% од избирачкото тело и остануваме на тоа решение затоа што во РМ според законот за политички партии се доволни 500 потписи за да се регистрира политичка партија, која што би можела во тој случај да кандидира кандидати во сите изборни единици, па истовремено и национална листа. Така да сите амандмани, а ги има 5 предложено, за промена на овој однос на бројките итн., Владата не го прифаќа, затоа што смета дека на овој начин со основното решение во законот се создаваат поголеми можности за сите оние што оценуваат да ја истакнат сопствената кандидатура со помал број потписи, или пак да истакне национална листа.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Ја цениме демократичноста која ја истакна господинот министер, што помал број на потписници може да поднесе листа и во случај на еден кандидат или на листа на кандидати. Меѓутоа, заради сериозноста сметеме дека бројката од 200 да се зголеми на 400 во првиот дел, и од 1000 на 5000 илјади. Со тоа би избегнале групи, кога ќе се јават и ќе направат збрка во изборите да го исклучиме тоа право и да можеме тој цензус да го дигнеме на поголема бројка, како би избегнале, некои не така релевантни партии, или групи кои треба да уфрлат некои кандидати кои треба да направат збрка, да не ја направат таа збрка.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со оглед на тоа што и ја со еден амандман учествувам во барање за измена на овој член, само да потсетам дека на локалните избори во

Битола имаше случаи каде имаше пријавено листи за кандидати, кои собраа 200 потписи, а собраа помалку од 200 гласови. Така да крајно ги оптеретува изборите, крајно ги збунува гласачите со добивање на повеќе листи. Ова е исклучиво со желба да им се помогне на крајните гласачи да ги намалат проблемите кога ќе размислуваат, бидејќи навистина ако собрал 200 потписи тоа не е гаранција дека ќе оди понатаму. Дајте шанса да ги намалиме проблемите на гласачите.

Сега би го замолил претседавачот на седницата да констатира колку има присутни пратеници во салата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ве молам да се провери колку има присутни пратеници во салата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 поднесен од пратениците Кире Видимче, Илија Каров и од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 4 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Станковски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков и Зоран Шапуриќ и Илија Каров и од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 4 став 2 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2 поднесен од пртениците Зоран Шапуриќ, Илија Каров, Томислав Стојановски и од пратениците Јован Лазаров, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман пратениците предлагаат да има можност името на еден кандидат да се најде и на пропорционалната листа и на оние номиналните листи.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Министерот кажа дека се однесува за тоа да едно лице може да биде на двете листи, односно на листата на кандидат и листата на кандидати и амандманот има за цел да го врати првичното решение кое што беше во нацртот на законот. Со ова не се коси со желбите на партииве и партијата може да си води своја политика и ако не сака може да не стави ни едно лице на двете листи, ако сака може да стави. Значи амандманот не е рестриктивен туку дава можност. Додека со решението кое се поднесува во основното решение во Законот се дава забрана дека едно лице неможе да биде. Значи предлагаме да биде флексибилно решение да може, па секоја партија нека си цени ако има потреба и желба едно лице може да го стави и на листата на кандидати и на листата на кандидат. Од тие причини повикувам пратениците да не поддржат нас предлагачите и да гласаат за овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не ни се јасни причините зошто дојде до една ваква суштинска измена од претходната фаза кога точно ваквата можност за истакнување на кандидат и на листа на кандидат и на листа на кандидати министерот

ја апострофираше во своето воведно излагање како една од оние што значат демократски и поеластични можности за истакнување на еден поши- рок број на кандидати со единствена цел да во Парламентот имаме покарактеристични, поафтентични и зошто да не признаеме кандидати кои што претставуваат авторитет и во своите партии. На тој начин се одбегнува можноста со разни манипулации и слични потези да се елиминираат ваквите личности од работата во Парламентот. Драгоцено е кога во Парламентот се судруваат ставови, мислења, алтернативи и ако тие се пренесуваат од оние што значат лидери, или носители и дејноста на партијата и нејзината активност. Не ми е јасно зошто сега во оваа фаза се одбегнува ваквата можност. Мислам дека нема потреба и треба овој амандман предложен од пратенички групи да биде прифатен.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Бидејќи се бараше образложение за одбивањето од страна на Владата, ќе го кажам само следното. Во основа предлогот на амандманот не е спротивен на меѓународната пракса. Можно е во некои држави да се најде ист кандидат и на пропорционалната листа и на номиналната. Меѓутоа, во основа практично реакцијата доаѓа од таканаречените регионални структури на политичките партии кои што во едно вакво решение од Законот гледаат можност всушност лидерите на политичките партии да се стават себеси и на пропорционалната и на номиналните листи и да остане помалку простор за сите оние кои што исто така учествуваат во изградбата на политичката партија. Оттаму мислам дека ние го почитувавме и она што можеше да се слушне од страна на партиските структури дека ваквото решение всушност е подемократско да не се дозволува тој начин што всушност секоја

XIV/4.-

политичка партија ќе биде принудена да излезе со најмалку 120 кандидати за 120 пратенички места.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајновска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се бара обрасците што ги изготвува државната изборна комисија да бидат составен дел на овој закон. Бидејќи претходно усвоивме амандман на членот 27 сите обрасци што ги изготвува државната изборна комисија да бидат објавени во Службен весник. Сметаме дека на тој начин практично е исполнет овој амандман и не го прифаќаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 3 8 за менување на став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев, чо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јаки-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа. Ова е редакциско усогласување со веќе усвоените промени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 2 и за бришење на ставовите 5 и 6, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Сакам накратко да го образложам овој амандман. Се работи за амандман кој го зголемува времето од 24 часа на 48 часа каде против решението на изборната комисија може да се поднесе жалба. Значи даваме можност жалбата да биде поднесена во рок од 4 8 часа. И вториот дел од овој амандман е тоа да тие директно бидат поднесувани до Врховниот суд, бидејќи во многу случаи во претходните изборни процеси се случувало жалбите да останат во фиоките, или во џебовите на членовите на Комисијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

XIV/6.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Со овој амандман се менуваат решенијата во законот. Имено не е јасно зошто не е прифатен овој матнам бидејќи се бара како што се поднесува преку Комисијата жалба така да може и непосредно до Апелационият, односно Врховниот суд да биде поднесена жалбата. Јас се прашувам што ќе се случи ако Комисијата како што имавме во 199 6 година во неколку случаи, а во еден случај кога ние расправавме за интерпелацијата покажавме пресуда од Врховниот суд каде што неоправдано Комисијата не ја доставила жалбата до судот. И сега ако имаме исклучиво да доставуваме жалби само преку Комисија, дали е тоа општинска комисија во изборна единица, или пак само државната изборна комисија, таа може едноставно некаде да не го стори тоа. И сега се ускратува правото на жалба директно до суд, па дури еве и по пошта не е дозволено поднесување на жалби. Ова е спротивно на сите закони со кои се уредува постапката и поднесување, ако сакате Законот за процесно Законот за кривично, Законот за управна постапка. Единствена постапка е оваа во нашиот правен систем каде што не се дозволува поднесување на жалба по пошта. Може да се стави некој објективен рок за да се види дали може да се изманипулира овој рок, но во секој случај мислам дека овој амандман нема логика да не се прифати, бидејќи се ускратува правото на учесниците на изборите да поднесуваат жалби директно до судот. Го молам претставникот на Владата да ни објасни доколку Комисијата не ја препрати жалбата, имавме случаи, ги наброивме таксативно неколку во изминатите избори. Јас се надевам сигурно дека тоа нема да се случи. И верувам во тоа, меѓутоа, може да се случи во еден, два, три случаи и што тогаш? Зошто да ставаме со сила дамка кога навистина нема потреба. Да се дозволи учесниците да доставуваат жалби директно до Апелациониот суд и до Врховен суд тоа е сосема нормално и компатибилно со нашиот правен систем.

XIV/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Се обидовме во овој член да ги усогласиме роковите за поднесуваше жалби и постапката на тој начин на кој што може навистина најефикасно да функционира и во најкус можен рок во согласност со сите рокови што се усогласени во Законот да функционира заштитата на избирачкото право. Инаку ако не знаевте доколку државната изборна комисија не ја предаде вашата жалба се смета за повреда на избирачкото право и тоа е кривично дело според нашиот кривичен закон. Тоа е кривично дело за кое што се оди до една година затвор. Ако сакате и членот ќе ви го прочитам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 4 поднесено од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41 за додавање нов

став 5 по став 4 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Исмет Рамадани, Сејфедин Харуни, Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 3, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

**Дали некој друг бара збор?**

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас би замолил само да се преслушаме дали зборуваме за истиот амандман, за амандман на член 42 став 3, бидејќи не ми е воопшто логичен одговорот на господинот министер бидејќи во членот 42 став 3 постои обврската изборната комисија претходно да ги извести овластените претставници за ждребањето, но никаде не е кажано колку претходно да ги извести. Дали тоа значи 15 минути, половина час, еден час, 1 ден, два дена, пет дена. Навистина не ми е логично што господинот министер воопшто не го прифати амандманот. И затоа прашувам уште еднаш дали знаете точно за кој амандман зборуваме.

XIV/9.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас знам за кој амандман зборувам. Со амандманот се бараше да бидат пред ждребањето известени 48 часа. Во Законот е добро напишано дека има обврска да бидат известени, дали ќе биде 24 часа, 28 часа, или 32 часа ќе бидат доволни јас мислам дека тоа не е толку важно.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Вака како што стои во став 3 стои дека Комисијата задолжително претходно ги известува овластените претставници на подносителот на листата. Само ги известува, а не пишува кога? Така што тоа може да биде условно речено и 5 минути пред ждребањето. Дало по ваше видување тоа е доволно за да се обезбедат рамноправни услови. Мислам дека не е и затоа прашувам за тие работи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој Друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** (продолжение)

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана и од пратеникот Бранирод Михајловски.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 44, поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со амандманот се предлага скратување на времето за изборниот молк од 48 часа на 24 часа и јас сметам дека можеме да го прифатиме.

Владата го прифаќа амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 44-а поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

XV/2.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Со овој амандман, практично сакавме попрецизно, по наше мислење и поквалитетно да го дефинираме медиумското претставување и предлог е членот 47 да се додадат нови ставови 3 и 4 кои би гласеле:

XV/3.-

"Должината на траењето на изборното претставување како и на условите и методите на рекламирање за користење на програмското време односно просторот по весниците за претставување на кандидатите, политичките партии, група избирачи и нивните програми, ги определува Собранието на РМ со одлука за рамноправно медиумско претставување, што ќе се објави најдоцна 40 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Одлуката ја подготвува Комисијата со еднакво учество на претставници од позицијата и опозицијата и истата му ја предлага на Собранието".

На овој начин сакаме со овие нови два става значи со додавањето на ставовите 3 и 4 членот 47 да го допрецизираме од аспект на медиумските претставувања на кандидатите и она што е најбитно со ставот 4 предлагаме оваа одлука да ја подготвува Комисија во која ќе биде рамноправно застапено членството односно составот ќе биде од опозицијата и од позицијата. Мислам дека медиумското претставување е многу битно на кандидатите во текот на изборната кампања и сметам дека едно вакво допрецизирање и квалитетно дообјаснување на членот 47 ќе придонесе за подобро презентирање на кандидатите пред јавноста.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, има збор г-динот министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Мислам дека г-динот Соколовски сега ни прочита друг амандман, меѓутоа, тие двата се слични. Сега говоревме за претходниот амандман кој го одбивме, вие го читавте следниот амандман меѓутоа претпоставувам дека претходниот е повлечен во тој случај и останува бидејќи двата се многу слични. Ако е претходниот повлечен молам да слушнеме , тогаш да говориме за овој за кој вие говоревте.

XV/4.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Соколовски станува збор за член 47 за додавање нов став 3 по ставот 2. Вие расправавте за член 47 за додавање два нови става 3 и 4.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас зборував за членот 47 за додавање нови ставови 3 и 4 во тој случај се повлекува претходниот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 за додавање нов став 3 по ставот 2.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за додавање два нови става 3 и 4, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Бидејќи г-динот Соколовски веќе го образложи овој амандман сакам да кажам нешто. Владата предлагаше едно решение кое е застапено во многу закони во светот меѓу другото во многу закони каде што е оценето како демократско решение во кое Парламентот не се меша со сопствени одлуки во одредувањето на времето кое ќе го

XV/5 . -

распоредат јавните гласила за потребите на политичките партии во време на јас сум согласен како и Владата доколку Либерално – демократската партија инсистира да остане старото решение кое беше во законот за локалните избори, тоа е првиот став од членот 3 значи без членот 4, да го прифатиме како составен дел на законот да биде практично ставот 3 од овој амандман, без ставот 4, со образложение дека една таква комисија само би го оддолжила процесот на донесување на правила кои сосема успешно функционираа во сите досегашни избори и на последните локални избори во Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, биде по ставот 4.

Дали некој бара з Има збор г-динот Соколовски:

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Добро, еве прифаќање како претставници на ЛДП ставот 3 да остане, а ставот 4 да се брише. Значи ја прифаќаме варијантата ставот 3 да се прифати, а ставот 4 се повлекува. Точно така ставот 2 од стариот член се брише. Повторувам прифаќаме ставот 3 да остане како што беше предлогот на министерот, а ставот 4 да се брише и ставот 2 од стариот член од стариот закон.

Значи, амандманот се прифаќа со додавање на нов став 3, а ставот 4 се брише исто како и ставот 2 од претходниот член за локалните избори. Мислам дека е јасно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Имате забуна, па потоа ќе предлагате измена на законот

XV/6 . -

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Сите овие четири амандмани се однесуваат на прашањето на колку дена пред денот на изборите можат да се објавуваат резултатите од испитувањето на јавното мислење. Законското решение што го предлага Владата е најдоцна 5 дена пред денот на изборите да се објавуваат резултатите и затоа сите овие амандмани на таа тема не ги прифаќаме затоа што мислиме дека е пракса во сите развиени демократии и дека на тој начин всушност ќе им овозможиме на избирачите до 5 дена пред изборите навистина да ги знаат резултатите од тие модерни истражувања на свеста на граѓаните.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Малку е дискутабилно како е во демократиите дали на последниот ден или 5 дена пред гласањето се објавуваат вакви испитувања кои можат многу да влијаат врз однесувањето на гласачите. Мислам дека пет дена е премал рок пред изборите за да се изнесе некое согледување односно некакви анализи правени врз база на испитување на јавното мислење. Ние со овој амандман предлагаме тој период да го зголемиме и тие испитувања да бидат како и изнесување на јавното мислење да бидат 30 дена пред изборите, со тоа ќе ги релаксираме граѓаните и

избирачите да не бидат под пресија на некои испитувања кои можат од било кој начин или било која побуда на било кого бидат наметнати. На крајот на краиштата имаме едно искуство на локалните избори имавме еден многу добро режиран филм кој беше емитуван вечерта пред изборите и мислам дека тој катастрофално односно во негативна смисла го измени мислењето кај граѓаните.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Молам, да се преброи колку пратеници има во салата?(49)

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата затоа што немаме кворум за работа.

Сега во салата има 54 пратеника.

Има измени во броењето, па ве молам уште еднаш за точен број на присутни пратеници во салата.

Процедурално бара збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Сметам дека оваа игра на граница на кворумот треба да ја прекинеме вечерва, се работи за сериозен закон, сметам дека јав-оста не следи, треба да покажеме сериозност во нашиот состав овде, предлагам утре да продолжиме во 11,00 часот. (негодување во салата)

Секои 5 минути го броиме кворумот, за ваков закон сметам дека ваква несериозност не треба да има затоа велам утре да продолжи- е во 11,00 часот во полн состав и да можеме да дискутираме за амандманите.

XV/8 . -

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, досега не сме работеле без кворум, а што во меѓувреме некој влегува, некој излегува ...

Ве молам, господинот Арсовски процедурално.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека несериозноста од г-динот Владимир не треба да се префрла на сите пратенички групи. Јас можам да констатирам дека Социјалистичката партија , нејзината група е 100% присутна тука, меѓутоа, погледајте ја вашата партија дека имате 5 пратеника. Вие мора да водите сметка секој координатор да направи напори своите пратеници да бидат тука. Јас не го прифаќам твоето мислење дека ние Социјалистичка партија не сме присутни. Еве тука сме сите. Сакаме извинување за нашата пратеничка група. (негодување во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам за тишина. Расправаме по Предлогот на законот за избор на пратеници. Тоа е многу озбилен, значаен закон и треба да бидеме присутни да придонесеме за неговото квалитетно подобрување, со амандмани, предлози, кои сте ги доставиле. Молам за трпение за да разговараме и придонесеме за неговото усовршување.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,20 часот)